Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ“ број 5/02), а во врска со член 29 од Законот за средно образование (“Службен весник на РМ” бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 14/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и Службен весник на РМС број 229/20), Советот на Град Скопје, на _____ седница, одржана на _____ 2023 година, донесе

ГОДИШНА ПРОГРАМА

ЗА РАБОТА НА СРЕДНОТО УЧИЛИШТЕ НА ГРАД СКОПЈЕ

СУГС „Цветан Димов“ Скопје

ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА

Август 2023

СОДРЖИНА

I. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ....6
1.1. Име на училиштето....6
1.2. Адреса на училиштето....6
1.3. Верификација на училиштето....6
1.4. Историјат на училиштето....6
1.5. Дејност на училиштето....8
1.6. Визија на училиштето....8
1.7. Мисија на училиштето....8
1.8. Цели на училиштето....8
1.9. Програмски насоки....9
1.10. Проодност на струката....10
1.11. Запишани ученици....10
1.12. Кадровски потенцијал (раководен, наставен, стручен и ненаставен кадар)....14
1.13. Активи....15
1.14. Просторни можности и техничка опрема....16
1.15. Материјално-финансиски услови....17
II. НАСТАВА....17
2.1. Наставни планови....17
2.2. Дополнителна настава....18
2.3. Додатна настава....18
2.4. Подготвителна настава....19
2.5. Ученички екскурзии....19
2.6. Самозаштита во образовните институции....20
2.7. Општествено корисна работа....20
2.8. Еко активности....20
2.9. Меѓуетничка интеграција во образованието....21

2.10. Следење и оценување на успехот и напредокот на учениците....22
2.11. Испити....22
2.12. Поведение на учениците....23
2.13. Натпревари....23
2.14. Професионално усовршување на наставниот кадар....23
2.15. План за воспитно-образовната дејност на училиштето....24
III. ПРИОРИТЕТИ НА УЧИЛИШТЕТО....24
3.1. Транспарентно работење и поголема информираност....25
3.2. Подобрување на редовноста во наставата....25
3.3. КТ во наставниот процес....25
3.4. Водење педагошка документација....25
3.5. Форми на ученичко здружување....25
3.6. Зголемување на безбедноста во училиштето....25
3.7. Интегриран пристап во наставата....26
3.8. Креирање на колаборативна платформа....26
IV. ПРОЕКТИ КОИ ЌЕ СЕ РЕАЛИЗИРААТ ВО УЧЕБНАТА 2023/24....26
V. КАЛЕНДАР ЗА РАБОТА ВО УЧЕБНАТА 2023/24....30
5.1. Родителски средби....32
5.2. Советување на родители и ученици....33
5.3. План за реализација на културната и јавната дејност на училиштето....33
VI. РАКОВОДНИ, УПРАВНИ И СТРУЧНИ ОРГАНИ И ТЕЛА....34
6.1. Директор на училиштето....34
6.2. Помошници на директорот....35
6.3. Училишен одбор....35
6.4. Совет на родители....36
VII. СТРУЧНИ ОРГАНИ И ТЕЛА....36
7.1. Наставнички совет....36
7.2. Совет на година....36

7.3. Совет на паралелката....36
7.4. Активи....36
7.5. Раководител на паралелката....36
7.6. Стручни соработници....37
7.7. Менаџерски тим....37
VIII. СОРАБОТКА НА УЧИЛИШТЕТО....37
8.1. Соработка на училиштето со семејството....37
8.2. Соработка на училиштето со институции и организации....37
8.3. Меѓународна соработка....38
IX. КУЌЕН РЕД НА УЧИЛИШТЕТО....38
X. ПРИЛОЗИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА....40
Прилог бр. 1 Годишна програма за работа на директорот....40
Прилог бр. 2 Годишна програма за работа на помошникот на директорот....44
Прилог бр. 3 Годишна програма за работа на училишниот педагог....49
Прилог бр. 4 Годишна програма за работа на училишниот дефектолог....56
Прилог бр. 5 Годишна програма за работа на училишниот психолог....60
Прилог бр. 6 Годишна програма за работа на инклузивниот тим....62
Прилог бр. 7 Годишна програма за работа на литературно-јазичниот актив....63
Прилог бр. 8 Годишна програма за работа на природно-математичкиот актив....66
Прилог бр. 9 Годишна програма за работа на општествено-хуманистичкиот актив....70
Прилог бр. 10 Годишна програма за работа на активот по стручни предмети, сектор: економија, право и трговија....73
Прилог бр. 11 Годишна програма за работа на активот по стручни предмети, сектор: здравство и социјална заштита 76
Прилог бр. 12 Годишна програма за работа на библиотекарот....79
Прилог бр. 13 Годишна програма за работа на Училишниот одбор....81
Прилог бр. 14 Годишна програма за работа на Советот на родителите....82
Прилог бр. 15 Годишна програма за работата на Ученичката заедница....83
Прилог бр. 16 Црвен Крст на РСМ-Општинска организација Чаир (МК-АЛ)....85

Прилог бр. 17 Активности што придонесуваат за развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранција.....92
Прилог бр. 18 Кодекс.....99
Прилог бр 19 Годишна програма за работа на Младинската организација.....100
Прилог бр. 20 Програма за изведување на спортско-рекреативна екскурзија, еднодневен излет, Попова Шапка.....103
Прилог бр.21Програма за реализација на завршна училишна екскурзија за учениците од втора и трета година, Р. Албанија.....105
Прилог бр. 22 Куќен ред на училиштето.....109
Прилог бр. 23 Правилник за однесување на учениците, наставниците и родителите.....110
Прилог бр. 24 Училишна политика за намалување на насилството во училиштето.....112
Прилог бр. 25 Протокол за спрешување и поставување во случај на насилство.....118
Прилог бр. 26 Протокол за спречување и постапување во случај на насилсто (скратена берзија).....125
Прилог бр. 27 План на активности за реализација на еколошката програма.....127
Прилог бр. 28 Програма „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“.....131
Прилог бр. 29 Акционен план на активности за меѓуетничка интеграција на младите во образованиет.....133
Завршна одредба.....137

I	ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ
1.1.Име на училиштето	Средно училиште на Град Скопје „Цветан Димов“ Скопје
1.2.Адреса на училиштето	Ул.Џон Кенеди бр 16, 1 000 Скопје Општина Чаир Локација со регулиран пристап со јавен, градски превоз Тел: 02 2611 530 Факс: 02 2616 354 E-mail: sugs-cvetandimov-skopje@schools.mk Веб страна: http://cvetandimov.edu.mk/
1.3.Верификација на условите за реализација на Наставните планови и наставните програми	Решенија за верификација на условите за реализација на Наставните планови и наставните програми, донесени од министерот за образование и наука **Сектор: економија, право и трговија / технично образование** Квалификација: економски техничар бр.УП1.13-3649 од 10.06.2020 година бизнис администратор бр.УП1.13-3650 од 10.06.2020 година правен техничар бр.УП1.13-3647 од 10.06.2020 година е-трговија и дигитален маркетинг-во процедура продавач – референт за продажни услуги со тригодишно траење на образованието бр.УП1.12-2463 од 16.07.2018 година **Сектор: здравство и социјална заштита / технично образование** Квалификација: медицинска сестра бр.УП1.13-414 од 25.05.2021 година фармацевтски техничар бр.УП1.13-415 од 25.05.2021 година забен техничар бр.УП1.13-416 од 25.05.2021 година
1.4. Историјат на училиштето	Постоењето и работата на училиштето започнува од далечната 1925/26 година како Трговска Академија во Скопје. Нејзиното формирање претставува еден вид на продолжување, односно прераснување на веќе постојната двегодишна трговска школа на степен на академија со привилегиите кои ги уживала Државната Трговска Академија во Белград. Иницијативата за основање на Академијата произлегува од управата на тогашната Трговско-индустриска комора во Скопје, по која првата генерација на ученици се запишува во учебната 1925/26 година. По окупацијата на Македонија од страна на Бугарија во 1941 година Трговската Академија се

	преименува во Трговска гимназија. Во прв клас се запишувале ученици кои завршиле трет клас гимназија, а учењето во Трговската гимназија траело 5 години. Училиштето како Трговски училишен центар – Скопје е основано со Решение на Совет за просвета на НРМ од 28.10.1954. Во учебната 1980/81 година во Трговски училишен центар – Скопје, со седиште во СУГС "Арсение Јовков" се префрлуваат трговски паралелки на албански наставен јазик кои дотогаш работат во состав на гимназијата "Зеф Љуш Марку". Во истата година е воведен нов образовен профил аранжер-техничар, со четиригодишно траење, со по една паралелка во учебна година. Што се однесува до гимназиското образование од 07.11.1894 година во Македонија е формирана машка гимназија која работи се до распаѓањето на стара Југославија (создадена пред втората светска војна). Нејзиното постоење егзистира и за време на Втората светска војна, но во тешки услови. Во 1945 година таа машка гимназија го добила името "Цветан Димов" и како таква останува се до 1952 година. Од учебната 1952/53 година во неа почнуваат да се запишуваат и ученици од женски пол, па така гимназијата "Цветан Димов" го добива ликот на гимназија за двата пола што опстојува до учебната 1985/86 година. Од таа учебна година во нејзините простори (зграда) се сместуваат трговски паралелки (гимназиските паралелки со воведувањето на насоченото образование се прелоцираат во "Јосип Броз Тито") и станува Трговски училишен центар "Цветан Димов". Имајќи го во предвид историското потекло и развојот на училиштето од учебната 1998/99 година во училиштето се школуваат и ученици од гимназиско образование, за разлика од претходните години. Со тоа се продолжуваат традициите на две училишта, кои по своето формирање и постоење се многу стари и први училишта формирани на просторот на Република Македонија (Трговска Академија и машка гимназија "Цветан Димов"). Од учебната 2004/05 година во училиштето од трговската струка се воведува образовниот профил асистент за трговија и маркетинг до четиригодиошно траење, што претставува соодветна замена за образовниот профил продавач, односно профил кој соодветствува со современиот општетсвен развој. На овој начин училиштето ја продолжува традицијата и ги прати современите трендови. Во учебната 2005/06 година е направена измена на наставниот план и програма и се преименува називот Асиситент за трговија и маркетинг во Техничар за трговија и маркетинг. Во истата учебна година во училиштето се воведува образовниот профилот Економски техничар, а потоа и образовниот профил правен техничар. Од учебната 2013/14 во економско правна и трговската струка се воведува образовниот профил со тригодишно траење продавач, а од учебната 2017/18 се реформира тригодишното образование со нови

	наставни планови и програми и се преименува називот во референт за продажни услуги- продавач. Во учебната 2015/16 година во мирување се става гимназиското образование, но затоа училиштето ја воведува здравствената струка, со образовните профили: медицинска сестра, фармацевтско-лабараториски техничар и забен техничар. Поставените задачи, од своето постоење па се до денешен ден училиштето успешно ги извршува. Учениците кои завршиле во ова училиште гимназиско образование и тие од економско правна и трговска струка, даваат голем допринос во унапредувањето на целокупниот живот во Република Македонија. Многу од нив денес се познати јавни личности, бизнисмени и видни граѓани.
1.5.Дејност на училиштето	Основна дејност на училиштето е воспитание и образование, реализирани преку наставни планови и програми кои се одредуваат со законски прописи на Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието и Центарот за стручно образование и обука.
1.6.Визија на училиштето	Нашата визија е да создадеме институција на професионален кадар, за постигнување висок квалитет, одговорност и почитување на етничките, културните и останатите човечки вредности. Сакаме училиште кое постојано учи.
1.7.Мисија на училиштето	Мото на училиштето: Погледни во себе – Види ја иднината. Училиштето е отворено за нови идеи кои поттикнуваат индивидуалност и креативност, дисциплина и култура во која се почитуваат етничките и културните разлики, развивање на чувство на одговорност, почитување на граѓанските права и обврски, меѓусебно разбирање, толерантност, градење на здрава и чиста животна средина.
1.8.Цели на училиштето	Општи цели: • Унапредување на воспитно-образовниот процес и другите активности ќе се реализираат преку воведување на современа компјутерска технологија, обучување на наставниците за применување на најразновидни платформи за учење • Поддршка на учениците, наставниците и родителите • Поддршка на учениците со посебни образовни потреби, поддршка на наставниците во процесот на воспитно образовниот процес со децата со ПОП и поддршка на родителите. • Стекнување знаења, вештини и способности • Развивање свест за критичко прифаќање на општествените и социјални процеси и појави • Поттикнување на креативно и критичко мислење • Применети знаења • Слобода на мислење • Флексибилност и адаптабилност во креирање ставови

	• Воспитување на лична одговорност • Запознавање со лични права и обврски • Развивање свест за заштита на природата и човековата околина • Развивање на потребата за доживотно учење • Истражување и промоција на ученички права, слободи и различности • Развивање свесност за мултикултурализам и мултиетничка интеграција Посебни цели: • Употреба на современа компјутерска технологија во наставниот процес , обука на наставниците за примена на Microsoft Teams, Zoom, Schoology, Quizizz во современата настава. • Подигнување на квалитетот на наставата • Подобрување на редовноста на учениците • Развивање свест за професионално усовршување на наставниот кадар • Интеграција на ученикот во наставниот процес како творечки субјект • Активна соработка со родителите • Опремување на училиштето со современи наставни средства • Подобри интерперсонални односи • Утврдување предлог мерки и други начини за постигнување на редовноста на учениците во наставата • Подигнување на еколошката свест кај сите структури во училиштето • Подигање на свеста за справување со насилство • Подигање на свеста за иновации и претприемништво во воспитно-образовниот процес • Интезивирање на соработката со родителите (советување на родители) • Реализирање активности кои промовираат мултиетничка интеграција
1.9.Програмски насоки	1. Планирање и остварување на воспитно- образовниот процес и другите активности ќе се реализираат според законските одредби и прописи на МОН, ЦСОО и БРО на Република Северна Македонија 2. Континуирана анализа на наставниот процес, преку активна соработка на активите, стручната служба, училишниот одбор и директорот на училиштето. 3. Искористување на материјално – финансиските капацитети за разрешување проблеми од приоритетно значење за развој на училиштето 4. Подигнување на нивото на вклученост на семејството во воспитно –образовниот процес 5. Соработка со локалната средина

<table>
<tr><td></td><td>6. Соработка со научни, културни, спортски, хумантирани и невладини тела и организации
7. Соработка со стручната служба за одговорно подготвување, планирање и реализирање на наставните програми
8. Примена на активни методи на учење и современа технологија
9. Учество на учениците во планирањето и реализацијата на работата на училиштето
10. Континуирано следење на напредокот, постигнувањата и редовноста на учениците</td></tr>
<tr><td>1.10.Проодност на струката</td><td>Средното училиште на Град Скопје „Цветан Димов“ Скопје образува ученици за четиригодишно стручно образование (техничко образование):
-Сектор: економија, право и трговија, квалифијации: економски техничар, бизнис администратор и правен техничар, Е-трговија и дигитален маркетинг
-Сектор: здравство и социјална заштита, квалификации: медицинска сестра, фармацевтски техничар, и забен техничар
Средното училиште на Град Скопје „Цветан Димов“ Скопје образува ученици со тригодишно стручно образование:
-Економско правна и трговска струка, образовен профил: референт за продажни услуги.
По завршувањето на средното стручно образование учениците (според своите афинитети) се оспособени за доусовршување и интегрирање во академската средина на Универзитетите, но и за вработување во државниот и приватниот сектор.</td></tr>
<tr><td>1.11.Запишани ученици</td><td>Наставата се изведува на албански и турски наставен јазик.
Паралелки на албански наставен јазик, струка: здравствена, сектор: здравство и социјална заштита (техничко образование)
Вкупно 16 паралелки на албански наставен јазик, вкупно 535 ученици, машки 75, женски 460
Паралелка на албански наставен јазик, сектор: здравство и социјална заштита (техничко образование)
<table>
<tr><th>Паралелка</th><th>Образовен профил/квалификација</th><th>Машки</th><th>Женски</th><th>Вкупно</th></tr>
<tr><td>1/1</td><td>Медицинска сестра</td><td>2</td><td>32</td><td>34</td></tr>
<tr><td>1/2</td><td>Медицинска сестра</td><td>3</td><td>31</td><td>34</td></tr>
<tr><td>1/3</td><td>Фармацевтски техничар</td><td>1</td><td>33</td><td>34</td></tr>
<tr><td>1/4</td><td>Забен техничар</td><td>5</td><td>29</td><td>34</td></tr>
<tr><td></td><td>Вкупно</td><td>11</td><td>125</td><td>136</td></tr>
</table>
Сектор здравство и социјална заштита вкупно регистрирани се 136 ученици од кои, 11 машки, 125</td></tr>
</table>

женски ученици

Паралелка	Образовен профил/квалиикација	Машки	Женски	Вкупно
2/1	Медицинска сестра	7	27	34
2/2	Медицинска сестра	6	28	34
2/3	Фармацевтски техничар	3	29	32
2/4	Забен техничар	9	24	33
	Вкуптно	**25**	**108**	**133**

Втора година, сектор, здравство и социјална заштита вкупно се бројат 133 ученици од кои 25 машки, 108 женски ученици

Паралелка	**Образовен профил/квалификација**	**Машки**	**женски**	**вкупно**
3/1	**Медицинска сестра**	**5**	**28**	**33**
3/2	**Медицинска сестра**	**6**	**26**	**32**
3/3	**Фармацевтски технчар**	**1**	**33**	**34**
3/4	**Забен техничар**	**9**	**24**	**33**
	Вкупно	**21**	**111**	**132**

Трета година, сектор, здравство и социјална заштита вкупно се бројат 132 ученици, од кои 21 машки и 111 женски ученици

Паралелка	**Образовен профил/квалификација**	**Машки**	**Женски**	**Вкупно**
4/1	**Медицинска сестра**	**6**	**28**	**34**
4/2	**Медицинска сестра**	**6**	**28**	**34**
4/3	**Фармацевтски техничар**	**/**	**34**	**34**
4/4	**Забен техничар**	**6**	**26**	**32**
	Вкупно	**18**	**116**	**134**

Четврта година, сектор здравство и социјална заштита вкупно се бројат 134 ученици од кои 18 машки и 116 женски ученици.

Вкупно 16 паралелки на албански наставен јазик, вкупно 535 ученици, 75 машки и 460 женски

Паралелки на албански наставен јазик, сектор: економија, право и трговија (техничко образование)

Паралелка	Образовен профил	Машки	женски	Вкупно
1/5	Економски техничар	13	17	30
1/6	Е-трговија и дигитален маркетинг	21	10	31
1/7	Бизнис администрација	11	17	28
1/8	Правен техничар	6	24	30
	Вкупно	51	68	119

Паралелка на албански наставен јазик, сектор економија, право и трговија вкупно регистрирани се 119 ученици од кои 51 машки и 68 женски ученици

Паралелка	Образовен профил	Машки	Женски	Вкупно
2/5	Економски техничар	12	19	31
2/6	Економски техничар	11	22	33
2/7	Бизнис администратор	20	13	33
2/8	Правен техничар	4	25	29
	Вкупно	**47**	**79**	**126**
3/5	Економски техничар	9	18	27
3/6	Економски техничар	13	17	30
3/7 ком	Бизнис администратор	8	6	14
3/8 ком	Правен техничар	9	8	17
	Вкупно	**39**	**49**	**88**
4/5	Економски техничар	13	12	25
4/6	Економски техничар	8	17	25
4/7	Бизнис администратор	21	8	29
4/8	Правен техничар	13	12	25
	Вкупно	**55**	**49**	**104**

Вкупно 16 паралелки на албански наставен јазик, **вкупно 437 ученици**, машки 192, женски 245

Паралелки на албански наставен јазик, економско правна и трговска струка, со тригодишно траење, продавач-референт за продажни услуги.

Паралелка	Образовен профил	Машки	Женски	Вкупно
1/11	Продавач референт за продажни услуги	25	9	34
1/12	Продавач референт за продажни услуги	17	6	23
	Вкупно	42	15	57

Паралелка	Образовен профил	Машки	Женски	Вкупно
2/9	продавач-референт за продажни услуги	21	10	31
2/10	продавач-референт за продажни услуги	25	9	34
3/9	продавач-референт за продажни услуги	26	8	34
3/10	продавач-референт за продажни услуги	17	12	29
	Вкупно	**89**	**39**	**128**

Вкупно 5 паралелки на албански наставен јазик, **вкупно 185, машки 131, женски 54.**

Паралелки на турски наставен јазик, ,сектор: економија, право и трговија (техничко образование) и сектор: здравство и социјална заштита (техничко образование)

Паралелка	Образовен профил	Машки	Женски	Вкупно
1/9	Економски техничар	7	7	14
1/10	Медицинска сестра	3	8	11

	Вкупно	10	15	25

Паралелка	Образовен профил/квалификација	Машки	Женски	вкупно
2/11	Економски техничар	13	12	25
3/11	Економски техничар	9	9	18
4/10	Економски техничар	5	7	12
3/9	Економски техничар	30	3	33
2/12	Медицинска сестра	1	11	12
	Вкупно	**68**	**57**	**125**

Вкупно 5 паралелки на турски наставен јазик, **вкупно 150 ученици**, машки 78, женски 72.

Во СУГС „Цветан Димов“ Скопје во учебната 2023/24 година ќе се образуваат вкупно 44 паралелки, 1 323 ученици, машки 492, женски 831.

1.12.Кадровски потенцијал (раководен, наставен, стручен и ненаставен кадар)

	Вкупно		Етничка и полова структура на вработени									
			Македон		Албанци		Турци		Роми		Други	
	М	Ж	М	Ж	М	Ж	М	Ж	М	Ж	М	Ж
Број на вработени	45	75	2	15	39	53	3	5		1	1	1
Директор	1				1							
Стручни соработници	1	4		1	1	3						
Наставен кадар	35	60	1	9	33	46	1	5			1	
Административни работници		2				2						
Техничка служба	7	9	1	5	4	2	2			1		1

Стручни соработници: двајца педагози, психолог, дефектолог и библиотекар

Наставен кадар:

	Вкупно		Македонци		Албанци		Турци		Други	
Наставен предмет	М	Ж	М	Ж	М	Ж	М	Ж	М	Ж
Турски јазик и литература		1						1		
Албански јазик и литература	1	4			1	4				
Македонски јазик и литература		4		2	1			1		
Англиски јазик		6		1		5				

Германски јазик	1	1			1	1				
Француски јазик		2		1		1				
Латински јазик	1				1					
Математика	3	1		1	2				1	
Физика		1				1				
Хемија	1	1			1	1				
Биологија	2				2					
Информатика		2				2				
Економска географија	1				1					
Музичка култура	1				1					
Ликовна уметност	1				1					
Спорт и спортски активности	4	1		1	4					
Историја	3	1			3			1		
Социологија	1	1			1	1				
Психологија		1				1				
Граѓанско образование		1				1				
Економска група предмети	13	14	1	3	11	10	1	1		
Правна група предмети	1	4			1	3				
Здравствена група предмети	2	15			2	15				
	36	60	1	9	33	46	1	5	1	

Административни работници: секретар и благајник

Техничка служба: 12 хигиеничари, 2 чувари, домаќин-економ и хаусмајстор

Степен на образование			Старосна структура на вработените		Статус на вработените	
Високо образование	М-38	Ж-65	20-30 години	М-10 Ж-17	Неопределено	определено
Виша стручна спрема	М-/	Ж-/	31-40 години	М-19 Ж-29	М -38	М -7
Средно образование	М-7	Ж-10	41-50 години	М-10 Ж-11	Ж- 58	Ж- 17
			51-60години	М-6 Ж-17		
			61 години до пензија	М-/ Ж-1		

1.13.Активи	Активите се работни тела составени од наставници од исти или сродни наставни предмети. Активите ги вршат следниве задачи: 1. Утврдување критериуми и стандарди за работа

<table>
<tr><td></td><td>2. Усогласување на наставните планови
3. Размена на сугестии за реализација на наставните програми
4. Донесување предлози за форми и методи на наставна работа
5. Избор учебници по кои ќе се реализира наставната програма
6. Имплементација на одлуките донесени од Наставничкиот совет и Директорот на Училиштето
Со активот раководи наставник, избран од активот кој се избира на состанок на активот, а потоа се потврдува на Наставничкиот совет на почетокот на учебната година. Активот поднесува Годишна програма за работа, која е составен дел од Годишната програма за работа на училиштето, како и полугодишни и годишни извештаи.
Во училиштето работат следните активи:
<table>
<tr><td>Назив на активот</td><td>Одговорен наставник</td></tr>
<tr><td>Општествено хуманистички актив</td><td>Елвиса Нуредини</td></tr>
<tr><td>Литературно јазичен актив</td><td>Зелиха Чучуљ</td></tr>
<tr><td>Природно математички актив</td><td>Арта Зимери</td></tr>
<tr><td>Актив по стручни предмети од економско правна и трговска струка</td><td>Адриан Етеми</td></tr>
<tr><td>Актив по стручни предмети од здравствена струка</td><td>Арбнора Ибраими</td></tr>
</table>
Активите и стручната служба ќе работат според утврдени програми за работа на почетокот на учебната година.</td></tr>
<tr><td>1.14.Просторни можности и техничка опрема</td><td>Просторните капацитети на Училиштето се простираат на вкупна површина од 6 356 м/2 во една зграда. Објектот е од тврда градба, со приземје и два спрата. Училиштето располага со 23 училници и 9 кабинети. Користи централно парно греење.
Во рамките на Училиштето има фискултурна сала која е опремена со справи за вежбање и разни спортски реквизити.
Училиштето има свечена сала која е опремена со видео бим и професионално озвучување и се користи по потреба.
Училиштето има 7 канцеларии кои се опремени со компјутери и печатари наменети за административно техничкиот персонал, простории за наставен и ненаставен кадар.
Библиотеката е сместена во посебна просторија, која истовремено служи и за читална. Се користи и за реализација на разни училишни активности. Располага со 40.029 книжен фонд.
На приземје има еден тоалет за вработените и еден за учениците. На двата ката има по два тоалета за учениците.
Во склоп на училишниот двор има простор за паракирање возила, со обележан простор за паркирање за лица со посебни потреби.</td></tr>
</table>

	Материјално-техничките услови се значаен фактор за успешно реализирање на воспитно-образовните цели и задачи. Опременоста со наставни средства, помагала и материјали придонесува за зголемување на активноста на учениците, подигање на нивото и квалитетот на наставата, а со тоа и за постигнување на подобри резултати. За задоволување на стандардите за квалитетно изведување на наставата според наставните планови и програми кои се изведуваат во училиштето, се настојува преку сопствени и други средства да се доопремува и осовременува со потребната опрема за изведување на теоретска и практична настава. Училиштето е целосно стручно. Континуирано се обезбедува простор и наставни средства и помагала за реализирање на наставата, пред се во рамките на практичната настава од здравствената и економско-правната струка. Училиштето располага со 12 компјутери за вработените и 40 комјутери за учениците (два кабинети), 45 преносни компјутери, 10 печатари, 2 фотокопир, 2 телевизори, видеокамера, 10 проекционо платно, 11 ЛЦД проектори, 10 смарт табла, 34 таблети, дидактички материјал по математика, географски и историски карти, реквизити за изведување на наставата по спорт и спортски активности, како и наставни средства и помагала за реализација на наставните предмети од сектор: здравствена и социална заштита (микромотор, полимотор, гипстример) и економија, право и трговија. Континуирано се обновува и училишниот инвентар, училишни клупи и столчиња.
1.15.Материјално-финансиски услови	Потребните материјални финансиски средства за непречено одвивање на воспитно-образовниот процес во учебната 2023/24 год. се обезбедуваат преку Собранието на Град Скопје и Министерството за образование и наука, врз основа на договор согласно спогодбата за заеднички основи и мерила за стекнување на доходот во средното образование надополнето преку донаторство, спонзорство, средства од издавање на простор под закуп, образование на возрасни.
II НАСТАВА	Со одлука од Владата и МОН, оваа учебна година 2023/24 ќе започне на 01.09.2023 и ке заврши на 31 август 2024
2.1.Наставни планови	Наставните планови за средно стручно образование, во учебната 2023/24 година ќе се подготвуваат во согласност со законските одредби за реализација на воспитно-образовната дејност од овој тип настава. Од учебната 2019/20 година стартуваше реформираното (модулирано) техничко образование од секторите: здравство и социјална заштита и економија, право и трговија со нови наставни планови кои сега се применуваат за сите години. Сектор: Економија, право и трговија за техничко образование, квалификација: економски техничар, бизнис администратор, правен техничар и Е-трговија и дигитален маркетинг на албански наставен јазик, економски техничар на турски наставен јазик.

	Сектор: Здравство и социјална заштита за техничко образование, квалификација: медицинска сестра, фармацевтски техничар и забен техничар на албански наставен јазик, медицинска сестра на турски наставен јазик. Наставниот план за стручно техничко образование е концепиран во четири дела: I. Општо образование: заеднички општообразовен модул и општообразовен модул значаен за одреден сектор II. Стручно образование: задолжителни модули и изборни модули III. Практично образование IV. Содржини програмирани од училиштето Економско-правна и трговска струка со тригодишно образование, образовни профили: продавач-референт за продажни услуги на албански наставен јазик. Наставните планови за економско-правна и трговска струка со тригодишно образование, образовен профил: продавач-референт за продажни услуги е концепиран во три дела; I. Општо образование II. Стручно-теоретско III. Практична обука
2.2.Дополнителна настава	Дополнителната настава се организира во текот на целата учебна година. Таа опфаќа наставни содржини кои од одредени причини учениците не успеале да ги совладаат. Овој тип настава подразбира индивидуален пристап во работата со учениците, но и начин за подобрување на успехот на учениците и предметниот наставник. Наставниците со одредени ученици кои последователно покажуваат послаб успех во работата, активно ќе ги реализираат задачите и целите кои се предвидени со овој метод на работа со учениците. Индивидуалниот пристап има силна мотивациска улога во интегрирање на учениците кои не покажале успех во редовната настава. Оваа настава ќе ја реализира секој предметен наставник, со изготвување план за распоредот на работните обврски, во текот на своето работно време. Соработници на наставникот ќе бидат: стручната служба и раководителите на смена.
2.3.Додатна настава	Додатната настава се планира и реализира со учениците кои покажуваат особено изразен интерес за одредени наставни содржини. Цел на овој тип настава е да се обезбеди систематска работа со надарените ученици. Во реализацијата на овој тип настава се поттикнуваат креативноста и способностите на учениците за творечко истражување. Наставниците изготвуваат и реализираат посебна програма наменета за оваа категорија ученици од сите четири години стручно образование

<table>
<tr><td>2.4.Подготвителна настава</td><td>Подготвителната настава ќе се организира за учениците кои ќе бидат упатени на поправен испит по одделни предмети, испит на годината, дополнителни испити, испит за побрзо напредување.
Наставниците кои имаат ученици упатени на поправен испит, испит на годината, дополнителни испити, испит за побрзо напредување подготвуваат план и програма за реализација на подготвителна настава, а со цел успешно полагање на испитот.
Оваа настава за учениците се изведува во законски одредениот период според Календарот за работа на училиштето.</td></tr>
<tr><td>2.5.Ученички екскурзии</td><td>Екскурзиите се составен дел од воспитно образовниот процес и ќе се реализираат во случај ако се создадат поволни услови, односно за зависност од епидемиолошката состојба. Според функцијата, целите и задачите, екскурзиите можат да бидат: наставни, забавно-рекреативни, од општ воспитно-образовен карактер или комбиниран.
Оваа учебна 2023/24 година се планира реализација на екскурзија во второ полугодие со воспитно-образовен и забавно-рекреативен карактер. За учениците од втора и трета година се планира повеќедневна екскурзија, надвор од државата. Училиштето постапува согласно Правилникот за реализирање на ученички екскурзии донесен од Министерот за образование и наука, на предлог на Директорот на училиштето, а во соработка со препораките од стручната служба и поддржано од активите и родителите. Програмите за екскурзии се составен дел од Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023/24 година во прилог.
<table>
<tr><th>Програмска содржина</th><th>Време</th><th>Место</th><th>Очекувани резултати</th></tr>
<tr><td>Повеќедневна завршна екскурзија за учениците од втора и трета година</td><td>Кон крајот на април месец и почеток на мај месец 2024</td><td>Албанија</td><td>-запознавање со културно-историските знаменитости на Република Албанија
-формирање позитивен однос кон националните, интернационалните, културните и естетските вредности
-запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во Република Албанија
-стекнување на културни навики во услови на групно патување</td></tr>
</table>
Според програмските барања и можности на училиштето во текот на наставната година може да се организираат и наставно-научни екскурзии со цел посета на соодветни институции, културни споменици</td></tr>
</table>

	и знаменитости и ќе се реализираат според условите и во зависност од епидемиолошката состојба. Целта на овие екскурзии ќе биде во насока на проширување и продлабочување на знаењата на учениците. За успешна реализација на планираните екскурзии ќе бидат назначени одговорни наставници и раководители на паралелки.
2.6.Самозаштита во образовните институции	Согласно правилникот за содржината и начинот на спроведување на обучувањето за самозаштита во образовните институции (Сл.весник на РМ бр.48/06), СУГС „Цветан Димов“ – Скопје има законска обврска да се спроведе обучување за самозаштита од природни непогоди и други несреќи согласно следниве одредби - Во наставниот процес (таму каде што може да се интегрираат во наставните содржини) се обработуваат наставни теми за обучување за самозаштита во услови на земјотреси, пожари и експлозии, опасни материи, епидемии и заразни болести кај животни и растенија, снежни намети, луњи, поплави, поројни дождови, атмосферски непогодби, собраќајни несреќи и др. - Содржините ќе се обработуваат со разни воннаставни активности.
2.7.Општествено корисна работа	Општествено – корисната работа е основа за развој и стимулација на позитивниот однос на учениците кон општествените вредности, вредностите на колективното живеење, поттикнување на чувството на заедништво и припадност и одржлив развој на природата. Овие активности одат во насока на подобрување на животната и работната средина во училиштето и надвор од него. Во таа смисла, со програмата за работа на училиштето, се предвидени активности со оштествено – корисна целисходност. Овие активности ќе бидат реализирани во согласност со државните препораки за масовни работни акции, но и во рамките на редовните школски активности. Учество во овие акции од општествено важен карактер ќе земат учениците, наставниците, а во одредени форми и техничкиот персонал на училиштето.
2.8.Еко активности	Оваа учебна година Училиштето продолжува да учествува во програмата ,,Еко – училиште“ во чии рамки се предвидени неколку активности. Постапките со кои ќе се реализираат активностите подразбираат вклучување на сите расположливи ресурси на Училиштето (ученици, наставници, родители, стручна служба, технички персонал). Активностите за интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем е поврзан со наставните програми, односно секој наставник во текот на наставната година, по четири наставни часа (по два во секое полугодие) ја поврзува наставната единица со еколошка содржина од четирите еколошки стандарди: 1.заштеда на вода, 2.заштеда на енергија, 3.одржување на зградата и здрава средина во училиштето и 4.уреден и еколошки двор. Изготвен е План на активности за реализација на еколошката програма, кој е составен дел од Годишната

<table>
<tr><td></td><td>програма за работа на училиштето за учебната 2023/24 година.
Во зависност од приликите во училиштето ќе се настојува да се одбележуваат деновите од Еколошкиот календар
Еколошки календар
<table>
<tr><td>16 септември</td><td>Светски ден за заштита на озонската обвивка</td></tr>
<tr><td>22 септември</td><td>Меѓународен ден без автомобили</td></tr>
<tr><td>8 октомври</td><td>Меѓународен ден за намалување на уништување на природата</td></tr>
<tr><td>15 октомври</td><td>Меѓународен ден на пешаците</td></tr>
<tr><td>5 март</td><td>Светски ден за заштеда на енергија</td></tr>
<tr><td>22 март</td><td>Светски ден за заштеда на водите</td></tr>
<tr><td>22 април</td><td>Светски ден на планетата</td></tr>
<tr><td>15 мај</td><td>Светски ден за заштита на животната средина</td></tr>
<tr><td colspan="2">Календар за одбележување на денови од областа на здравјето</td></tr>
<tr><td>10 октомври</td><td>Светски ден за ментално здравје</td></tr>
<tr><td>16 октомври</td><td>Меѓународен ден на храната</td></tr>
<tr><td>1 декември</td><td>ХИВ</td></tr>
<tr><td>3 декември</td><td>Светски ден за деца со посебни потреби</td></tr>
<tr><td>24 март</td><td>Борба против ТБЦ</td></tr>
<tr><td>7 април</td><td>Светски ден на здравјето</td></tr>
<tr><td>10 мај</td><td>Меѓународен ден на физичка активност</td></tr>
<tr><td>11 мај</td><td>Ден на крводарители</td></tr>
<tr><td>31 мај</td><td>Светски ден против пушењето</td></tr>
</table></td></tr>
<tr><td>2.9. Меѓуетничка интеграција на младите во образованието</td><td>Училиштето ги продолжува активностите за меѓуетничка интеграција на младите во образованието (училишни и вонучилишни). Во текот на наставната година (со почитување на препораките и Протоколите) ќе се реализираат работилници, со ученици од сите четири години. Работилниците опфаќаат теми кои ја поттикнуваат толеранцијата, соработката и надминување на стереотипите во однос на различни национални и културни заедници кои живеат во Република Северна Македонија, со цел за подобрување на меѓуетничката комуникација и надминување на етнички, културолошки и јазични препреки. Во прилог на оваа годишна програма за работата на училиштето е Акциски план на</td></tr>
</table>

	активности за меѓуетничка интеграција на младите во образованието во соработка со Секторот за образование на Град Скопје, согласно со Предлог- акцискиот план за МИО на Град Скопје (Предлог стратегија за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост на Град Скопје за период 2019-2024).
2.10.Следење и оценување на успехот и напредокот на учениците	Наставниот процес по својата природа подразбира изведување на активности со кои ученикот ќе усвојува знаења, ќе стекнува вештини, ќе ги развива своите потенцијали, креативно мислење и творечки капацитети. Во таа смисла, наставните планови нудат можности за реализација на наставната содржина преку примена на различни наставни форми и методи. Следењето и оценувањето на успехот и напредувањето на учениците ќе се предвидува во рамките на дневните подготовки и тематските и годишните планови за реализација на воспитно – образовниот процес. Во текот на годината, наставникот најмалку два пати во едно полугодие треба да формира оценка за ученикот и јавно да му ја соопшти. Оценката се формира врз основа на утврдени критериуми за оценување и може да биде на увид на ученикот. Најчести форми за вреднување и оценување на учениците се писмените форми (контролни тестови, наставни листови, изработени есеи, проекти и др.) и усниот начин на провека на знаењата (преку усна проверка, активност на часовите, соработка во презентациите на наставната содржина и сл.), односно примена на формативното и сумативното оценување. Наставниците ги планираат и координираат термините за писмените и усните проверки на знаењата. Во таа смисла, во согласност со условите и планирањето, а имајќи ги предвид, обемноста на наставните содржини и преоптеретеноста на учениците, не се изведуваат повеќе од две писмени проверки на знаења во текот на една седмица. Постигнатиот успех на ученикот го утврдува совет на паралелките на годината, а класниот раководител, преку редовните родителски средби или по потреба ги известува родителите на секој ученик поединечно. Раководителите на паралелките за секој ученик поединечно подготвуваат евидентен лист со оценките од сите класификациони периоди, на кој родителот се потпишува како доказ дека родителот е запознаен со успехот на неговото дете.
2.11. Испити	Во согласност со законските прописи за организирање и реализација на испити во училиштето, а во зависност од интересите и условите на училиштето, ќе бидат организирани следниве форми на полагање, кои се наоѓаат во Календарот за работа на училиштето, кој е составен дел на Годишната програма: **1. Поправни испити** – за ученици кои не постигнале позитивен успех на крајот на наставната година, по еден или два предмети. Испитни рокови: мај, јуни и август

	2. Испити на годината по наставни предмети, односно оние ученици кои останале неоценети по одделни наставни предмети, делумно или целосно - учениците ќе ги полагаат во два испитни рока: мај, јуни и август **3. Дополнителни испити** – за оние ученици кои поминуваат од една во друга програма од средното образование . Испитни рокови: август, септември, октомври (најдоцна до крајот на првотот полугодие) **4. Испити за вонредни ученици** – за оние ученици на кои законските прописи им дозолуваат вонредно школување Испитни рокови: февруари, март, април, мај, јуни, август, октомври, ноември, декември. Во еден испитен рок, ученикот може да пријави најмногу три предмети. **5. Испити за побрзо напредување на учениците** – за оние ученици кои сакаат да напредуваат (да завршат две години во една учебна година) и кои во последните две учебни година постигнале одличен успех **6. Матурски испити (државна матура и завршен испит)** – за ученици кои завршуваат средно стручно образование. **7.Презентација и одбрана на проектна** задача - за ученици од завршните години, се реализира од 11 март до 15 мај 2024 и од 19 до 26 август 2024 година. Начините за полагање се одредуваат со законски прописи на МОН, БРО и ЦСОО во форма на екстерни и интерни испити Испитни рокови: јуни и август Испитите во училиштето (освен екстерните и интерните матурски испити) се полагаат пред испитна комисија која е одговорна за успешно организирање и спроведување на испитите според законските одредби пропишани со Законот за средно образование.
2.12. Поведение на учениците	Начинот на утврдување на поведението на ученикот е одреден со одредбите од Законот за средно образование, Правилникот за изрекување на педагошки мерки на учениците и Статутот на училиштето.
2.13. Натпревари	Во учебната 2023/24 година, училиштето ќе учествува на локални, регионални и државни натпревари, според начинот и условите пропишани од организаторите. Менаџментот на училиштето ќе ги мотивира наставниците и учениците да се вклучат во натпреварите. Од наставниците се очекува да ги мотивираат учениците, да ги упатуваат учениците при изборот на литературата, да укажуваат на начините и можностите за продлабочување на знаењата.
2.14. Професионално усовршување на наставниот кадар	Професионалното усовршување на наставниците е од клучно значење за реализирање на модерна и квалитетна настава. Наставниците ќе бидат вклучени во сите обуки и семинари организирани од релевантни субјекти со цел перманентно надградување на нивните знаења и развивање на свеста за доживотно учење. Дел од наставнот кадар ќе посетува обуки и ќе врши дисеминации во рамки на

	постојните проекти Се планира организирање на работилници за теми кои им се потребни на наставниците. Изборот на темите ќе се врши според направена анкета на сите наставници од училиштето. Во рамките на активите ќе се органиизираат нагледни часови со цел пренесување на знаења или размена на професионално искуство.
2.15. План за воспитно-образовната дејност на училиштето	Со реализацијата на содржините на воспитно- образовната дејност на училиштето, се реализираат претпоставените цели на современиот воспитно-образовен процес. Преку обработка на воспитни и образовни содржини кои се основа на наставниот процес, училиштето сериозно станува дел од воспитното влијание врз животот и работата на учениците, но и на наставниците. Од приоритетите кои треба да обезбедат поуспешна работа на училиштето, оваа учебна година ќе се актуелизираат следниве: ➢ Поттикнување чувство на заедништво, преку сите форми на тимска работа ➢ Активно вклучување на сите наставници во креирањето на работата на училиштето ➢ Креирање позитивна училишна клима и комуникација ➢ Одговорно донесување одлуки од важност за работата на наставниците и училиштето ➢ Принципиелност и доследност во работата ➢ Поголема транспарентност и демократичност во работењето ➢ Афирмација на основните човечки права и вредности ➢ Унапредување навики за редовно извршување на обврските ➢ Планирање на дневната и неделната работа ➢ Развивање свест за одржување на ентериерот ➢ Унапредување на здравствено-хигиенските навики ➢ Организирање акции за уредување на училишната зграда и двор ➢ Работа на самоевалуацијата на училиштето ➢ Сериозен пристап при презентирање на условите за упис во училиштето.
III ПРИОРИТЕТИ НА УЧИЛИШТЕТО	Од досегашните резултати во работата на училиштето, констатирано е постоење на реални услови за успешен понатамошен развој на сите сегменти од работата. Со единствена цел да се продолжи традицијата на успешно работење, како и да се следат новите модели на образование и настава, во оваа учебна година ќе биде предвидена реализацијата на неколку приоритетни задачи и тоа: • Обучени наставници за реализирање на ИКТ настава • Намалување на изостанувањето од настава • Поголема вклученост на родителите во училишниот живот

	• Изедначување на критериумите за оценување во рамки на стручните активи • Зголемување на интегрираниот пристап во реализирање на наставни содржини
3.1 Транспарентно работење и поголема информираност	Еден од клучните приоритети во работата на училиштето е поголема информираност на сите структури во и надвор од училиштето. Во таа смисла, одлуките на Директорот и стручната служба, редовно ќе се огласуваат на огласната табла во училишната (наставничка) канцеларија. Директорот на училиштето, своите препораки и одлуки од јавен карактер ќе ги соопштува на редовните Наставнички совети. Генералните информации за училиштето, редовно ќе се објавуваат веб-страната на нашето училиште.
3.2. Подобрување на редовноста во наставата	И во оваа учебна година ќе се продолжи да се работи на добрите практики на полето на подобрување на редовноста во наставата преку превентивни методи и развивање нови начини и облици на справување со овој проблем, а ќе се воведуваат и нови методи со цел да се креира најпогоден модел за работа со учениците и родителите за надминување на состојбата со изостанување од настава.
3.3.КТ во наставниот процес	Во учебната 2023/24 година ќе се продолжи со имплементирање на КТ во наставниот процес со цел да се збогатат знаењата на учениците и да се поттикнуваат нивните креативни потенцијали како една од базичните цели во воспитно-образовниот процес. Училниците се опремени со: компјутери, ЛЦД проектори, SMART телевизори и училници со Смарт табла, со што ќе се унапреди воситно-образовниот процес.
3.4.Водење педагошка документација	Ќе се работи на подобрување на водењето на педагошката документација во тврда и електронска форма. Со цел поажурно водење на педагошката документација (е-дневник, главни книги), ќе биде формирана комисијата која ќе ја следи работата на наставниците, за секоја година поединечно.
3.5.Форми на ученичко здружување	Во училиштето постои долгогодишна пракса на ученичко здружување, преку кое учениците имаат можност да се претстават себе и училиштето низ различни форми. Посебна форма на ученичко здружување е Ученичкиот парламент во кој ќе членуваат претставници од сите години паралелки од училиштето. Тие организраат редовни состаноци во врска со актуелни прашања и проблеми и соработуваат со структурите во училиштето. Исто така ќе продолжи со работа и Ученичката заедница преку која учениците влијаат врз подобрување на воспитно-образовниот процес. Програмата за работа на Ученичката заедница е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето.
3.6.Зголемување на безбедноста во училиштето	И оваа учебна година ќе се продолжи со реализација на активности на полето на превенција и справување со насилство. Како составен дел од ова Годишна програма за работа на училиштето е Училишна политика за намалување на насилството во училиштето и Протокол за спречување и постапување во случај на насилство.
3.7.Интегриран	Во учебната 2023/2024 година интензивно ќе се работи на зголемување на бројот на часови

<table>
<tr><td>пристап во наставата</td><td>реализирани помеѓу различни предмети, односно интегриран пристап во воспитно-образовниот процес. Позитивните искуства ќе продолжат да се реализираат и во иднина.</td></tr>
<tr><td>3.8.Креирање на колаборативна платформа</td><td>Во учебната 2023/2024 година посебен акцент ќе се стави на креирање и заживување на колаборативна платформа за размена на информации и материјали кои им се потребни на наставниците за успешно реализирање на воспитно-образовниот процес.</td></tr>
<tr><td>IV</td><td>ПРОЕКТИ КОИ ЌЕ СЕ РЕАЛИЗИРААТ ВО УЧЕБНАТА 2023/24</td></tr>
<tr><td></td><td>Покрај редовната настава, во училиштето ќе се реализираат и воннаставни воспитно-образовни активности, преку кои ќе се поттикнува креативноста, љубопитноста, сознајните способности, самостојноста и истрајноста во извршувањето на активностите. Целта е тие активности да влијаат на создавање на навики, правилно и осмислено користење на слободното време, ставање на училиштето во функција на потребите на учениците, а сето тоа за оформување на ученикова личност. Тие имаат значајно место во изборот на занимањето, а овозможуваат поттикнување и развивање на афинитетите и творечките способности, ги упатуваат во достигнувањето на науката.
Овие активности ќе се изведуваат преку следните подрачја:
-Справување со насилство и унапредување на безбедноста
-Меѓуетничка интеграција
-Унапредување на здравјето и животната средина
-Организирање манифестации, културно-уметнички настани
-Учество на натпревари
-Истражување и промоција на ученичките права, слободи и различности
<table>
<tr><td>Активности</td><td>Одговорни наставници</td><td>Време на реализација</td></tr>
<tr><td>Безбедни училишта</td><td>Селбинас Шабани</td><td>Цела година</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>Еко активности</td><td>Вулнет Реџепи</td><td>Цела година</td></tr>
<tr><td>Мај - месец на матуранитите</td><td>Нухи Зеќири</td><td>Мај 2024</td></tr>
<tr><td>Меѓуетничко интеграција во образованието</td><td>Јасмина Димитриевска
Ајла Биљали
Берина Јакупи
Ајтен Ајдини Кадриу
Беса Лусјани</td><td>Цела година</td></tr>
<tr><td>Отворен ден на училиштето</td><td>Берина Јакупи</td><td>Мај 2024</td></tr>
<tr><td>Ученички права, слободи и</td><td>Ајла Биљали</td><td>Цела година</td></tr>
</table>
</td></tr>
</table>

различности	Берина Јакупи	
Училишен спортски клуб	Наставници по спорт	Цела година

Проекти кои по пат на Јавен повик се избрани и инансиски поддржани од страна на Градот Скопје.
Активностите ќе се реализираат во месеците: јуни, септември, октомври, ноември и декември 2021 година.Ове проекти се насочени кон остварување на следните програмски цели на Градот Скопје во областа на образованието:
1.Психосоцијална помош на членовите на училишната заедница за справување со разните форми на насилство, а во прв ред со сајбер-насилството кое станува актуелно за време на учењето од далечина
2.Едукација и промоција за градење на здрави животни стилови кај младите преку јакнење на свеста на средношколците и пошироката јавност за личната одговорност за заштита на сопственото, физичко, психичко, сексуално и репродуктивно здравје
3.Истражувања и промоција на родова рамноправност, ученичките права. слободи и развој на креативноста кај учениците
4.Помош и поддршка на кариерниот развој на учениците
5.Организирање манифестации на кои ќе се презентираат училишните постигнувања, ќе се промовираат најдобрите ученици ќе се претстават резултатите на воспитно-образовната дејност пред пошироката јавност

Име на здружение	Име на проект	Временска рамка за реализација на проектот	Училиште во кое ќе се реализира проектот
Фондација Меморијален центар Никола Кљусев – Скопје (ФМЦНК)	МЕНТОРИРАЊЕ ВО УЧИЛИШТАТА во Процес на имплементација за Програмата „Не за насилство„	Септември-октомври-2023	Сите средни училишта на Град Скопје, ученици од 14-18 години
Здружение за едукација на деца и младинци „УЈЕТ СТАРС„-Скопје	Здрав ум здраво тело	Јуни-Ноември	СУГС„Цветан Димов„ СУГС „Зеф Љуш Марку„
Здружение за едукација, еманципација и осигурување на правата	ГЛАСНО ПРОТИВ НАСИЛСТВО	Мај-Ноември 2023 год	Деца, родители и професори од сите С.У.Г.С на Град

	на жените „Биди Храбра„ Скопје			Скопје
	Студентски парламент на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство Скопје – ФИНКИ	Перспективна заедница во борба против насилствотот	6 месеци	Сите средни училишта на Град Скопје
	Здружение за развој на општеството-социјални иновации „ ВАКЕ УП„ Скопје	Електронски отпад и правилно менаџирање	Септември-декември 2023 год	Сите средни училишта на Град Скопје
	Здружение за поттикнување и промоција на информатиката „Асоцијација на студенти и информатичари„-Скопје	Еко обновливи извори и заштита на животната средина	6 месеци	Сите средни училишта на Град Скопје
	Здружение за културна мотивација КУЛТИВАТОР-Скопје	Со велосипед и тротинет низ Скопје (10 едукативни работилници и завршна дефиле на ученици од средните Скопски училишта)	Септември-Ноември 2023 год	Сите средни училишта на Град Скопје 14-19 години
	Здружение за заштита и унапредување на животната средина-ЕКО ЛОГИК	Камп за одржливост-епизода број 7. Справување со климатските промени	Мај - Ноември	Учениците од сите С.У.Г.С на Град Скопје
	Здружение за истражување на пазарот на труд во функција на мултиетничката толерација ПРОФИЦИЈО	Мултисекторска соработка-услов за заштита, спречување и справување со врсничко исајбер-насилство	5 месеци	Учениците од сите С.У.Г.С на Град Скопје

	Скопје			
	Центар за развој на демократијата АЛТЕР Скопје	Како да ја оддржиме чиста животната средина за здравје на сите нас	Септември 2023-март 2024	Учениците од сите С.У.Г.С НА Град Скопје
	Здружение на граѓани за остварување и унапредување на човековите права, оддржлив локален и рурален развој и прифаќање на културната различност ЕДИНСТВО НА ЗАЕДНИЦИТЕ од Скопје	Дигитална писменост;откривање на нови можности	3 месеци	Ученици од СУГС на Град Скопје од 15-19 години
	Планински велосипедски клуб Оксижен	Од мислата до дело-Промовирање на чиста и здрава животна околина		Ученици од сите СУГС на Град Скопје
	Здружение на граѓани „МЛАДИТЕ ЗА„ – Асоцијација за општествен развој - Скопје	Турнир во кошарка „Steet Basket АК„ во населба Автокоманда за 2023 година	Јуни 2023	Учесници од 16-35 години
	Здружение на граѓани за граѓански активизам, хуманизам, правна заштита, економија, култура, едукација, информатичка технологија и социјална заштита, родоваа еднаквост и инклузија „КУЌА НА СРЕЌАТА„	МЛАДИ АМБАСАДОРИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА	Мај-Ноември 2023 година	Ученици од сите СУГС на Град Скопје од прва до четврта година

V КАЛЕНДАР ЗА РАБОТА ВО УЧЕБНАТА 2023/24	Календарот за организација на учебната 2023/24 година во јавните средни училишта е донесен од страна на министерот за образование и наука и излезен во Службен весник на РСМ бр 229/20од 07.08.2023 година. Со овој календар се утврдува организирањето на учебната година во училиштето согласно програмските целини во наставната година: полугодие, други форми на воспитно образовна дејност и ученички одмор за учебната 2023/2024 година. Учебната година започнува на 1 септември 2023 година, а завршува на 31 август 2024 година. Наставната година започнува на 1 септември 2023 година и завршува на 17 јуни 2024 година, освен за учениците од завршната година од стручно образование со четиригодишно и тригодишно траење и за учениците со посебни образовни потреби за кои редовната настава завршува на 27 мај 2024 година. Наставната година ја сочинуваат две полугодија - I и II полугодие. Првото полугодие започнува на 1 септември 2023 година и завршува на 29 декември 2023 година. Второто полугодие започнува на 22 јануари 2024 година и завршува на 17 јуни 2024 година. Во текот на учебната година учениците користат зимски, пролетен и летен одмор. Зимскиот одмор започнува на 30 декември 2023 година и завршува на 19 јануари 2024 година. Пролетниот одмор започнува на 29 април 2024 и завршува на 6 мај 2024. Летниот одмор започнува на 18 јуни 2024 година и завршува на 31 август 2024 година. За учениците од завршните години на средното образование кои ќе полагаат државна матура или завршен испит во јунскиот испитен рок, во времето од 28 мај до 31 мај 2024 година училиштето ќе организира подготвителна настава, консултации и други форми на помош за учениците кои треба да полагаат поправни испити, испит на годината, дополнителни испити, испити за побрзо напредување, матурски и завршни испити. За учениците од завршните години, полагањето на поправните испити, испитите на годината, дополнителните испити и испитите за побрзо напредување во мајската испитна сесија ќе биде организирано во времето од 3 јуни до 7 јуни 2024 година. За учениците од завршните години на средното образование кои ќе полагаат државна матура, училишна матура или завршен испит во августовскиот испитен рок, јавните средни училишта во времето од 28 мај до 5 јуни 2024 година организираат подготвителна настава, консултации и други форми на помош за учениците кои треба да полагаат поправни испити, испит на годината, дополнителни испити, испити за побрзо напредување, матурски и завршни испити. За учениците од незавршните години, полагањето на поправните испити, испитите на годината, дополнителните испити и испитите за побрзо напредување во јунската испитна сесија ќе биде организирано во времето од 18 јуни до 28 јуни 2024 година. Училиштето во времето од

	19 јуни до 26 јуни 2024 година и од 12 август до 16 август 2024 година за учениците од прва, втора и трета година организираат подготвителна настава, консултации и други форми на помош за учениците кои треба да полагаат поправни испити, испит на годината, дополнителни испити и испити за побрзо напредување. Полагањето на поправните испити, испитите на годината, дополнителните испити и испитите за побрзо напредување во јунската испитна сесија ќе биде организирано во времето од 19 јуни до 2 јули 2024 година, а во августовската испитна сесија ќе биде организирано во времето од 12 август до 20 август 2024 година. Екстерните испити од државната матура во четиригодишното стручно образование во јунскиот испитен рок се спроведуваат во следниве термини: - албански јазик и литература, односно турски јазик и литература на 1 јуни 2024 година со почеток во 10 часот; - англиски јазик и математика на 8 јуни 2024 година со почеток во 10 часот. За учениците, кои во јунскиот испитен рок не положиле дел или сите испити од државната матура во четиригодишното стручно образование или од оправдани причини не полагале државна матура или дел од државната матура во четиригодишното стручно образование во јунскиот испитен рок, се организира втор испитен рок во август во следните термини: - албански јазик и литература, односно турски јазик и литература на 12 август 2024 година со почеток во 10 часот; - англиски јазик и математика на 14 август 2024 година со почеток во 10 часот. Интерните испити од изборниот дел на државната матура се спроведуваат во термини утврдени од училишната матурска комисија на предлог на соодветните училишни предметни комисии и тоа: - во јунскиот испитен рок во периодот од 18 јуни до 2 јули 2024 година и - во августовскиот испитен рок во периодот од 15 август до 19 август 2024 година. Презентацијата и одбраната на проектната задача за учениците четиригодишно средно стручно образование се реализира во периодот од 11 март до 15 мај 2024 година и од 19 август до 26 август 2024 година. Завршниот испит во четиригодишното стручно образование се спроведува во два испитни рока и тоа: јуни и август. Во јунскиот испитен рок: - задолжителен дел албански јазик и литература, односно турски јазик и литература) на 19 јуни 2024 година со почеток во 9 часот. Во августовскиот испитен рок: - задолжителен дел (албански јазик и литература, односно турски јазик и литература) на 15 август 2024 година со почеток во 9 часот.

	Испитот од изборниот дел на завршниот испит во четиригодишното стручно образование и проектната задача се спроведуваат во термини утврдени од училишната матурска комисија на предлог на соодветните училишни предметни комисии и тоа: - во јунскиот испитен рок во времето од 11 јуни до 2 јуни 2024 година и - во августовскиот испитен рок во времето од 15 август до 22 август 2024 година. Презентацијата и одбраната на проектната задача за учениците од четиригодишно средно стручно образование се реализира во периодот од 11 март до 15 мај 2024 година и од 19 август до 26 август 2024 година. Завршниот испит во тригодишното стручно образование се спроведува во три испитни рока и тоа: јуни, август и јануари. Во јунскиот рок: - албански јазик и литература, односно турски јазик и литература на 19 јуни 2024 година со почеток во 9 часот. Во августовскиот рок: - албански јазик и литература, односно турски јазик и литература на 15 август 2024 година со почеток во 9 часот. Во јануарскиот рок- за време на зимскиот одмор на учениците. Индивидуалната практична работа во тригодишното стручно образование се спроведува во термини утврдени од училишната матурска комисија на предлог на соодветните училишни предметни комисии. Воспитно-образовната работа за учениците се организира во текот на целата работна недела. Во текот на наставната година во завршната година на образованието се остваруваат најмалку 165 наставни денови, а за сите останати години на образование се остваруваат најмалку 180 наставни денови. На денот на училиштето се организираат културни, спортски и други манифестации. Традиционалниот ден на просветата за припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик се одбележува со организирање на културни и други манифестации. Денот на училиштето и традиционалниот ден на просветата за припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик, се наставни денови кога се изведуваат посебни програми за културни, спортски и други манифестации. Феријалната практика се остварува во зависност од специфичноста на образовниот профил и се изведува за време на летниот одмор на учениците.
5.1.Родителски средби	Родителските средби ги организираат и реализираат раководителите на паралелките. Тие се реализираат по две во секое полугодие, првата по почетокот на учебната година (септември), а

	останатите по класификациони периоди (ноември, февруари, април). По потреба ќе бидат организирани и вонредни родителски средби за оние паралелки кои покажуваат послаби резултати, изостанување од настава или се сретнуваат со одредени проблеми. Раководителите на паралелките многу често имаат и индивидуални средби со родителите.
5.2.Советување на родители и ученици	Согласно Законот за средно образование стручната служба (психологот) ќе организира континуирани советувања на родители и ученици кои покажуваат слаб успех (повеќе од пет слаби оценки), нередовно посетување на наставата, асоцијално однесување кон соучениците и наставниците.
5.3.План за реализација на културната и јавната дејност на училиштето	Културната и јавната дејност на Училиштето има за цел во пригодни моменти да ги презентира сите достигнувања во воспитно-образовната дејност. За таа цел е потребно: -Училиштето да се афирмира како културен и просветен центар; - Да им овозможи на учениците на различни начини сестрано да ја развиваат својата личност; - Училиштето ќе организира разни акции, прослави, јубилеи и други манифестации; - Ќе ги запознава учениците со културните традиции и современиот живот на нашиот народ. За да се остварат наведените задачи ќе се организираат, според условите и можностите: - Одбележување на 8-ми Септември - Ден на осамостојување на Македонија; - Одбележување на 11 Октомври - Ден на востанието - Одбележување на месецот на книгата - Учество на спортски манифестации - Организирање посета на театарски претстави - Организирање посета на музеј - Одбележување на 13-ти Ноември - Организирање на програма по повод Патрониот празник - Одбележување на Денот на жената - Одбележување на 21-ви Март - Ден на Екологијата - Учество на Саем за образование - Посета на Саем за мебел - Посета на Технома - Посета на Балканска туристичка берза - Одбележување на 1-ви Мај - Одбележување на 24-ти Мај - Ден на словенските просветители - Екскурзија на вработените - Одбележување на Денот на учителот

	- Одбележување на Денот на албанската азбука
VI	**РАКОВОДНИ, УПРАВНИ И СТРУЧНИ ОРГАНИ И ТЕЛА**
6.1.Директор на училиштето	Директорот е раководен орган на училиштето и е одговорен за законитоста во работата на училиштето, се грижи за статусот и положбата на вработените, ја организира и ја раководи воспитно-образовната работа, самостојно донесува одлуки, го застапува училиштето пред надворешни лица. - Предлага годишна програма за работата до УО и презема мерки за нејзино спроведување - Ги извршува одлуките на УО - Непосредно раководи со училиштето и ја организира воспитно образовната работа - Врши распределба на класни раководства и часови - Изготвува предлог план за јавни набавки и финансиски план и истите ги доставува до УО на усвојување - Врши избор на наставници и стручни соработници и др.административно-технички кадар - Одлучува за распоредување на наставници, стручни соработници и др.административно-тех.кадар - Одлучува за престанок на работниот однос на наставниците, стручните соработници и друг административно-технички кадар - Поднесува извештај за реализација на годишната програма до Град Скопје - Склучува договори, потпишува сведителства, решенија, налози и други акти согласно законот - Одобрува отсуства на вработени и ученици - Одредува замена на ненадејно отсутни работници - Претседава и раководи со седниците на Наставничкиот совет, и активно учествува во работата на други стручни органи во училиштето - Назначува лице со посебни овластувања - Избира комисии од негова надлежност - Издава соопштенија и наредби - Самостојно донесува одлуки од делокругот на неговата надлежност утврдена со закон, други прописи и општи акти на училиштето - Го претставува и застапува училиштето пред трети лица - Се грижи за законитоста во работата и за примена на законите, други прописи, статут и други акти на училиштето - Поднесува извештај за материјалното работење на училиштето во текот на учебната година до Училишниот одбор и општината - Учествува во подготвување на материјалите на Училишниот одбор и други органи во училиштето - Врши инструктивно педагошки надзор во училиштето

	- Се грижи за редот идисциплината во училиштето Програмата за работа на директорот за учебната 2023/24 година е во прилог на Годишната програма за работа на училиштето**.**
6.2.Помошници на директорот	Помошниците на директорот се одговорни за наставата по смените. Тие му помагаат на Директорот во организацијата и следењето на работата во соодветни години. Го организираат процесот на работата во согласност со програмата и плановите за работа на училиштето; непосредно раководат со работната единица; ја координираат работата на раководителите на паралелките и наставниците; се грижат за редовноста и дисциплината на наставниците и учениците; организираат и следат работата на класните совети, дополнителната и додатната настава; ја следат работата на ученичките организации; соработуваат со учениците и родителите; учествуваат и помагаат во организацијата на поправните и завршните испити. Програмата за работа на помошниците на директорот за 2023/24 е во прилог на Годишната програма за работа на училиштето**.**
6.3.Училишен одбор	Училишниот одбор е орган на управување во училиштето. Тој брои дванаесет членови и тоа: четири претставници од наставници, три претставници од родителите на учениците, три претставници од основачот и по еден претставник од Министерството за образование и наука и од деловната единица (Стопанска комора). Училишниот одбор ги донесува: - Статутот - Годишната програма за работа и го усвојува Извештајот за работа за изминатата учебна година - Предлага годишен финансиски план до Министерството, предлага завршна сметка - Донесува годишен план за јавни набавки, - Објавува јавен оглас за избор на директор, - Одлучува за приговори и жалби на вработени, ученици и родители - Разгледува и други прашања утврдени со Статутот на училиштето Членови на УО: Основач: Арјета Алиу, Назмије Бела, Севдаир Азири МОН: Ајља Буши Претставник од Стопанската комора на РСМ: Оргест Алити Родители: Шехназ Шахини, Менсур Цури, Шаип Јакупи Наставници: Хамиде Ибрахими, Рејхан Сопа, Арбнора Ибрахими Претседател на УО: Африм Сулејмани Годишната програма за работа на УО е составен дел д Годишната програма за работа на училиштето и е

	во прилог.
6.4.Совет на родители	Во училиштето Советот на родители го сочинуваат претставници на родителите кои не се вработени во училиштето. Советот на родителите следи и дава мислење за остварување на воспитно-образовната работа. Работата, бројот на членовите, начинот на избор и организацијта на советот на родители се утврдени со Статут на училиштето. Претседател на Совет на родители: Ардијан Буњаку Заменик: Идриз Селмани Годишната програма за работа на Советот на родителите е составен дел од Годишната програма за работа на училиштето и е во прилог.
VII СТРУЧНИ ОРГАНИ И ТЕЛА	Стручни органи и тела во училиштето се: - Наставнички совет - Совет на годината - Совет на паралелката - Активи
7.1.Наставнички совет	Наставничкиот совет го сочинуваат наставниците и стручните соработници во училиштето. Наставничкиот совет дава мислење по предлог на Годишната програма за работа и го следи нејзиното извршување, го разгледува и утврдува успехот на учениците и работата на другите стручни органи и тела, изрекува педагошки мерки на учениците, формира активи, комисии, испитни одбори, запишување на ученици, разгледува молби и приговори од ученици и родители.
7.2.Совет на година	Го сочинуваат наставници кои изведуваат настава во годината и стручните соработници. Советот на годината ја организира наставата и се грижи за нејзиното усовршување. Го разгледува успехот на ниво на година, соработува со Советот на родителите за решавање на прашања за успехот и поведението на учениците.
7.3.Совет на паралелката	Го сочинуваат наставници кои изведуваат настава во паралелката и стручните соработници. Тие непосредно ја организираат и спроведуваат воспитно-образовната работа и се грижат за нејзиното усовршување.
7.4.Активи	Ги утврдуваат основите за Годишен план за работа и ја усогласуваат работата на наставниците од исти или сродни предмети. Годишните планови на активите се составен дел од Годишната програма за работа на училиштето и се дадени во прилог.
7.5.Раководител на паралелката	Во стручната служба раководителот на паралелката добива инструкции за реализирање на класниот час (Програма за животни вештини)
7.6.Стручни	Секој стручен соработник од свој аспект се ангажира во подобрување на условите и резултатите од

соработници	воспитно-образовната работа во училиштето и работа по своја програма. Годишните програми за работа на педагогот, психологот, дефектологот и библиотекарот се составен дел од Годишната програма за работа на училиштето и се во прилог
7.7.Менаџерски тим	Менаџерскиот тим на училиштето е стручен орган кој го сочинуваат: директорот, помошниците на директорот, одговорните на активите, стручната служба. Задачи: -Да ја проучува можноста за рационализирање на организацијата и изведувањето на наставата и воннаставните активности во училиштето; - Да ја проучува можноста и динамиката на воведување на нови облици, методи и средства во наставниот процес; - Ја остварува методологијата и инструментите за вреднување на работата на наставниците и училиштето; - Ја утврдува методологијата за програмирање на работата на училиштето и планирањето на работата на наставниците.
VIII	**СОРАБОТКА НА УЧИЛИШТЕТО**
8.1.Соработка на училиштето со семејството	Воспитно образовниот процес на адолесцентот е незамислив без перманентна, блиска, отворена и целосна соработка со родителите, односно семејството на ученикот. Семејството е тоа кое го доверило својот член да биде дел од нашето училиште и секако, треба да има неприкосновено право на комуникација, соработка, информирање за се она што се случува во училиштето. Оваа соработка, комуникација во најширока смисла на зборот се овозможува преку најразлични форми и облици, почнувајќи од родителски средби, прием на родителите во определено време, вклучување на родителите во управувањето со училиштето, стручна соработка со нив, вклучување на родителите во остварување на целите на училиштето, заеднички забави, одбележување приредби, презентации и културни спортски или научни манифестации. Соработката ќе се остварува и преку индивидуални и групни советувања на родители, согласно со одредбите од Законот за советување на родители и ученици кои покажуваат слаб успех, нередовност и асоцијално однесување.
8.2.Соработка на училиштето со институции и организации	Ќе се продолжи соработката со институциите кои се тесно поврзани со нашето работење: - Министерство за образование и наука - Град Скопје – Сектор за образование - Биро за развој на образованието - Центар за стручно образование и обука - Државен просветен инспекторат

	- Државен испитен центар - Агенција за заштита на податоци - Агенција за млади и спорт - Град Скопје – Сектор за спорт - Министерство за информатичко општество и администрација - УСАИД, МЦГО, МКЦ - Сите ОУ и Средни училишта на град Скопје и пошироко - Државните и приватните факултети и универзитети од градот и пошироко - Музеј на Македонија, Археолошки музеј, Музеј на Град Скопје, Музеј на современа уметност, Музеј на ВМРО, Музеј на Холокауст - Невладини организации - Црвен крст на Македонија - Завод за здравствена заштита на Скопје , поликлиника Чаир - Министерство за труд и социјална политика - Народна техника на Македонија - Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата - Стопанска комора
8.3.Меѓународна соработка	Целта на соработката пред се е размена на искуства од воспитно-образовната работа, размена на посети на ученици и наставници, интернет комуникација и соработка, помош во организирање на предавања и семинари од вработените од училиштата во овие држави, организација и реализација на заеднички спортски настани, игри и натпревари, се со цел унапредување на соработката, размена на културата на живеење, традицијата и сл. Во текот на минатата учебна година училиштето за прв пат воспостави соработка со училиште од друга држава, од Турција. Очекуваме оваа година соработката да се продлабочи, а и да се зголеми бројот на училишта за меѓународна соработка. Училиштето има воспоставено соработка со средното училиште од Р. Турција „Мехмет Бејазит“, стручно техничко училиште од Анадолија.
IX КУЌЕН РЕД НА УЧИЛИШТЕТО	Во училиштето постои Куќен ред на училиштето, Правилник за однесување на ученици, наставници и родители и Протокол за постапување за реализација на воспитно-образовниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2023/24 година, кои се во прилог на Годишната програма за работа на училиштето. Воведните часови на почеток на учебната година ќе се посветат на усвојување на овие правила и нивна имплементација во секојдневното училишно живеење и работење.

Тим кој учествува во изработката на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023/24 година:
Директор: Сакип Аџами
Стручна служба: Елеонора Цикалова, Селбинас Шабани, Ајла Биљали, Берина Јакупи
Помошници на директорот: Бесник Ајет, Мустафа Алили, Ридван Мустафа
Одоворни на активи: Елвиса Нуредини, Зелиха Чучуљ, Арта Зимери, Адриан Етеми, Арбнора Ибраими

Место за печат

Датум и потпис на директорот

Сакип Аџами----------

ПРИЛОЗИ

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДИРЕКТОРОТ ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА

<table>
<tr><td colspan="3">Остварување на мисијата на училиштето е можна ако се воспостават и развијат определени механизми, со кои ќе му биде доделено местото кое му припаѓа во општеството. За да се случи тоа покрај другите фактори потребата од квалитетно планирање на раководењето на директорот неминовно се наметнува.
Годишната програма на планираното (рако)водење на директорот на училиштето ги содржи следните компоненти:</td></tr>
<tr><td>1.Предмет на планирање</td><td colspan="2">Планираните активности преставуваат смерници на активностите на директорот во текот на учебната година.</td></tr>
<tr><td>2.Период на планирање</td><td colspan="2">Септември 2023 год. до август 2024 год.</td></tr>
<tr><td>3.Цел на планирањето</td><td colspan="2">За остварување на целите зацртани во Годишната програма за работа која се однесува на учебната година планираните активности на директорот на училиштето преставуваат еден од доста важните елементи. Основната цел на ова планирање е: Планирано (рако)водење и координирање за постигнување на целите</td></tr>
<tr><td></td><td>Подрачја на работа</td><td>Време на реализација</td></tr>
<tr><td>4. Функционално програмирање</td><td>Формирање на паралелки и изработка на распоред на часови со задолженија по активи. Учество во изработка на Годишна програма за работа /екипирање и координирање на тимска работа/</td><td>Јуни - Септември</td></tr>
<tr><td rowspan="5"></td><td>Следење на реализацијата на Годишната програма за работа на училиштето и планираните годишните програми за работа на наставниците.</td><td>Септември-Август</td></tr>
<tr><td>Советодавна и консултативна работа со наставниците и стручните соработници</td><td>Септември-Август</td></tr>
<tr><td>Помош и координација со претседателите на активите во остварување на планираните активности.</td><td>Септември - Август</td></tr>
<tr><td>Водење на наставнички совет, со претходно планирани активности и содржини.</td><td>Септември - Август</td></tr>
<tr><td>Советодавна улога во работењето на стручните органи и тела во училиштето.</td><td>Септември - Август</td></tr>
</table>

	Соработка со стручни и општествени институции надвор од училиштето	Септември - Август
5.Организирање	Формирање на тим за изработка на Годишна програма за работа на училиштето. Формирање на тим за следење на реализацијата на Годишната програма за работа. Формирање на тим за развојно планирање	Мај - Јуни
	Следење и стручна помош при организација и реализација на задолжителните предмети, додатна и дополнителна настава	Септември - Јуни
	Следење и укажување на стручна помош при организирање и реализирање на слободните часови на училиштето	Септември - Јуни
	Увид во планирањето на наставниците: анализа на квалитетот во изготвувањето на годишните, тематските и тематско-процесните планирања	Септември - Јуни
	Следење и откривање на слабости во успехот на учениците и соработка со раководителите на паралелки за откривање на причините за несоодветно однесување на одделни ученици или групи Индивидуален разговор со ученици. Разговори со наставници и родители	Септември - Август
	Доделување на задолженија за изготвување на анализа на статистичките податоци за успехот, редовноста и поведението на учениците за секој класификационен период	Септември - Август
	Организирање на планирана посета на наставни часови кај одредена група наставници кои пројавиле лоши резултати во работењето, разговори и консултации за подобрување на состојбите во наставата	Септември - Мај
	Формирање на тим за помош и соработка при реализирањето на училишните и општинските натпревари	Септември - Август
	Организирање на активности во училиштето по повод патрониот празник и други важни датуми и јубилеи	Септември - Август
6. Раководење	Проучување, согледување и анализа на условите за работа во училиштето	Септември - Август
	Планирање на работата и (рако)водење со наставничкиот совет	Септември - Август
	Помош на наставниците, раководителите на паралелките во воспитно-образовната работа при: - планирање	Септември - Август

	- избор и примена на современи форми и методи на работа	
	Советодавна работа со наставниците при изготвување на тематско-процесните планирања за реализација на наставните часови	Септември - Јуни
	Учество во работата на Училишниот одбор	Септември - Август
	Советодавна работа со раководителите на паралелките во врска со: - класните заедници - однесувањето на учениците - успехот и редовноста	Септември-Јуни
	Планирани активности при работата на советот на родителите	Септември - Август
	Координација во соработка со стручните служби во развивање на соработка на релација семејство-училиште	Септември - Јуни
	Планирани активности при разрешување на конфликтни ситуации	Септември - Јуни
	Воведување на наставниците почетници во воспитно-образовната дејност	Септември - Мај
7.Нормативна работа	Планирани активности во изготвување на нормативни акти и помош на стручните служби при нивна изработка. - Ситуационо (рако)водење	
8.Обука на персоналот и сопствена обука	Учество на обуки на наставниците и стручната служба организирани од релевантни институции Организирање на интерни работилници за наставниците и стручната служба Учество на обуки наменети за директори организирани од релеванни институции	
9.Соработка со стручни органи и тела во училиште и пошироко	Соработката на директорот на училиштето со стручните органи и тела во училиштето и пошироко е од голем важност за реализирање на воспитно-образовната дејност на училиштето: наставнички совет, совет на година, совет на пралелка, активи, стручни служба, менџерскиот тим, совет на родители, Училишен одбор, како и соработката со: МОН, БРО, ЦСОО, ДИП, ДПИ, Стопанска комора	
10.Стручна помош и соработка	Стручна помош на наставници - почетници	сеп - август
	Консултативни активности за следење и оценување на наставниците: инструменти во следењето, проверување и оценување	септември - август
	Стручна помош при изработка на извештаи, анализи, прегледи за работата во училиштето	септември - август

	Следење на адаптираноста на учениците од прва година – со индивидуални и групни разговори, анкети, прашалници, разговори со родителите, наставниците	септември - декември
	Професионала ориентација со учениците од четврта година – согледување на намерите и интересите на учениците преку анкети и рзговори	април - мај
11.Евалвациона и истражувачка работа	Анализа и истражувачка активност за: - отсуство од настава - причини за слабиот успех на учениците	септември - јуни
	Распределба на задачи за подготовка на инструменти за истражувачка активност (прашалници, анкетни листови и сл.)	септември - јуни
	Учество на семинари, советувања, работилници и др	сеп - август
	Анализа на успехот на учениците од трета година спореден со успехот од втора година	јуни - август
	Учество и организирање на форми на стручно усовршување – активи, секции, интерни семинари и др	септември - август
	Следење на стручна литература	септ - август

Директор Сакип Аџами

ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ПОМОШНИКОТ ДИРЕКТОР ЗА УЧЕБНАТА 2023/24 ГОДИНА

АКТИВНОСТИ	ВРЕМЕ РАМКА	ЦЕЛИ
-Подготовка за првиот состанок на активите, потребни средства и договор за работа; -Проверка на педагошката администрација за минатата учебна година; -Работно воведување на нововработените наставници; -Изработка на распоред за дежурство; -Распоредување на слободните часови; -Изработка на списоци на ученици за набавка на учебници; -Изработка на списоци на ученици за слободни карти; -Изработка на месечен извештај за работа;	Септември	-Успешен почеток на учебната година, -Набавка на потребна опремаУуспешна соработка со активите -Успешно вклучување на ново вработените во наставата -Помош на социјално загрозените ученици
-Инструктивно педагошка работа со наставниците почетници; -Преглед и анализа на подготовките за работа; -Посета на часови; -Состаноци на активите; -Присуство на првите родителски средби, -Изработка на месечен извештај за работа;	октомври	-Да им се помогне на новите колеги успешно да се вклопат во работата -Информирање на родителите за можностите што ги дава училиштето -Решавање на проблеми и подобрување на климата за работа.
-Совети на паралелките за прво тромесечие; -Состанок со активите –анализа на успехот и дисциплината; -Посета на часови, -Планирање на дополнителна настава за учениците кои покажале слаб успех; -Поделба на учебници на учениците кои добиваат социјална помош; -Изработка на месечен извештај за работа	ноември	-Анализа на успехот и дисциплината во изминатиот период -Реализација на планираните содржини -Изнаоѓање начин за вклучување на училиштето во активностите на градот -Подобрување на успехот на учениците

-Подготовка на Совети на паралелки на кои се утврдува успехот и поведението на учениците во прво полугодие; -Преглед на целокупната педагошка документација во соработка со стручната служба; -Посета на часови, -Мониторинг и евалуација на проектите кои се реализираат во училиштето, -Изработка на месечен извештај за работа	декември	-Анализа на успехот на учениците во прво полугодие, -Успешна реализација на проекти, -Решавање на проблеми и подобрување на климата за работа.
-Распоред за завршни испити; -Состанок со активите; -Преглед на целокупната педагошка документација во соработка со стручната служба, -Анализа на состојбата со бројот на одржани часови и преземање активности да се надополнат изгубените часови;	јануари	-Анализа на редовноста и успехот на учениците -Успешно реализирање на наставниот процес
-Активности со стручната служба за анализа на успехот и планирање на активности за подобрување и други активности во училиштето -Формирање на Одбор за прослава на матурата; -Активности за информирање на учениците за изборните програми за наставните предмети, за завршен испит или државна матура -Мониторинг и евалуација на проектите кои се реализираат во училиштето, -Посета на часови; -Изработка на месечен извештај за работа	февруари	-Анализа на реализацијата на планираните активности -Подобрување на успехот и поведението -Решавње на проблеми и подобрување на климата за работа. -Благовремено информирање на учениците

-Подготовка за одржување совети на паралелките од завршните класови -Следење на состојбите со оценувањето; -Посета на часови; -Состанок со активите за активности во врска со државната матура и завршните испити -Распоред за вонредните испити -Подготовка за класните совети на паралелките за успешно завршување на годината во незавршните класови, -Проверка на реализацијата на наставните програми, -Определување на матурски испитен одбор и комисии за државна матура и завршен испит -Изработка на месечен извештај за работа	март	-Согледувања од советите на паралелките за реализација на редовната,додатната и дополнителната настава, -Детално запознавање на учениците со начинот на полагање на државната матура и завршниот испит.
-Подготовка и одржување за совети на паралелките за не завршните класови -Следење на состојбите со оценувањето -Состанок на активите за активности во врска со државната матура и завршните испити -Распоред за класните испити за завршните класови -Распоред за презентација на проектните задачи за завршните класови -Изработка на месечен извештај за работа	април	-Согледувања од советите на паралелките за реализација на редовната, додатната и дополнителната настава -Решавње на проблеми и подобрување на климата за работа. -Успешно презентирање на проектите од матурските испити

-Совети на паралелките од завршните класови; -Распоред и подготовки за полагање на поправните и завршните испити ; -Активности со Одборот за прослава на матурата; -Посета на часови -Подготовки за приведување на учебната година во завршна фаза; -Подготовка за Совети на паралелките од завршните класови; -Преглед на целокупната педагошка документација; -Мониторинг и евалуација на проектите кои се реализираат во Училиштето	мај	-Анализа на успехот на учениците -Да се подготват учениците за поправните испити и матура -Успешно реализирање на проектите и проектните задачи од проектните активности -Успешна матурска прослава -Решавање на проблеми и подобрување на климата за работа
-Совети на паралелките за крај на наставната година; -Распоред за поправни испити;- -Организација на завршните испити; -Планирање на дополнителна настава за учениците што се упатени на поправни испити; -Состанок со активот и ориентациона распределба на часови за 2022/2023 год. -Привршување на тековните активности; -Подготовка за Совети на паралелките за крај на наставната година; -Годишна евалуација на проектите кои се реализираат во Училиштето; -Подготовка на годишен извештај за работа	јуни	-Анализа на резултатите од изминатата наставна година -Согледувања за севкупното работење и реализација на Годишната програма за работа -Успешно реализирање на проектите
-Изготвување распоред за поправните и завршните испити за август	јули	-Успешно завршување на училишната година

-Изготвување распоред за поправните и завршнитевиспити -Учество во изработка на распоредот на часови за новата учебна година -Подготовка за одржување на седници на класни совети на паралелките; -Распоред на паралелките по училници -Конечна распределба на часовите и определување на класните раководства -Изработка на програма за работа за учебната 2023/2024 год -Проверка на педагошката администрација од изминатата учебна година -Работа со комисија за расход на технички средства и помагала -Ревидирање на активностите за соработката други училишта	август	-Доопремување на просторот каде тоа е најприоритетно; -Успешно започнување на новата учебна година 2023/2024 -Ослободување на простор и елиминирање на непотребни материјали
-Организација на настава – (планирање на замена на часови за отсутни ученици, решавање ма проблеми кои ќе се јават за време на смената) -Евиденција за редовноста и извршувањето на обврските на наставниците;	Септември-август	-Нормално одвивање на наставата;

Помошници директори: Бесник Ајет, Мустафа Алили, Ридван Мустафа

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШНИОТ ПЕДАГОГ УЧЕБНА 2023/24 ГОДИНА

Подрачја на работа	**Време на реализација**
✓ Планирање, програмирање, организирање и следење на воспитно образовната работа. ✓ Учество во реализацијата на содржината во воспитанието и образованието (соработка со наставниците, раководителите на паралелките и други учесници во образовната работа). ✓ Работа со учениците (поединечни, групни и колективни). ✓ Соработка и советодавна работа со родители на учениците. ✓ Аналитичко-истражувачка работа. ✓ Учество во стручното усовршување на наставниците ✓ Предавања на избрани теми	континуирано
✓ работа во стручни органи, ✓ соработка со стручни институции во општествененатa средина, ✓ индивидуално стручно усовршување, ✓ подготовка и водење на документација	континуирано
✓ Министерство за образование и наука ✓ Државен просветен инспекторат ✓ Државен испитен центар ✓ Биро за образованието на РМ ✓ Одделение за образование на Град Скопје ✓ Центар за стручно образование и обука ✓ Актив на стручни соработници од средни училишта на Град Скопје ✓ Институт за педагогија, Филозофски факултет ✓ Малолетничка деликвенција про МВР ✓ Центар за социјална работа ✓ Црвен крст на општина Чаир и РМ	континуирано
Август-септември	
Учество во планирањето и програмирањето на целокупната воспитно-образовна работа во училиштето Активности околу почетокот на учебната година (дополнителен упис, поправни испити, формирање на паралелки, определување на раководители на паралелките Изготвување на оперативна програма за активностите во период август-септември Изработка на статистички извештаи и прегледи за крајот на учебната година за запишани ученици во	Соработник Соработник Носител Соработник

новата учебна година	
Изработка на сопствена годишна програма	Носител
Учество во изготвувањето на годишниот извештај за работа во училиштето од претходната година	Соработник
Учество во изработка на годишната програма во училиштето	Соработник
Педагошко-инструктивна работа со наставници во однос на годишните планови, тематските и дневните подготовки	Носител
Педагошко инструктивна работа со наставниците во однос на годишните програми за работа на активите, слободните активности	Носител
Активности околу подготовка и одржување на Наставнички совет - формирање на комисии, активи, секции и друго	Соработник
Соработка и давање помош на раководителите на паралелките	Соработник
Увид во годишните планирање на наставниците во соработка со директорот	Соработник
Конституирање на училишна заедница и изготвување на програма за работа	Носител
Изготвување на ориентационен план за класните часови	Соработник
Соработка во реализација на родителски средби	Соработник
Педагошка документација, дневници за работа со ученици, родители и наставници	Носител
Увид во педагошката документација од претходната година	Соработник
Учество во работата на стручни органи: Наставнички совет, совет на паралелки, совет на родителите, Училишен одбор и стручни активи	Соработник
Учество на состанок на Актив на стручни служби на Град Скопје	Носител
Соработка и советодавна работа со родители	Носител
Советодавна работа на ученици кои треба да полагаат диференцијални испити	Соработник
Давање стручна помош на наставници почетници за полагање стручен испит	Соработник
Изготвување на анализи, осврти, податоци, извештаи и друго по барање на МОН, БРО, ЦСОО и Одделението за образование во Град Скопје	Соработник
Следење и учество во решавањето на проблеми кои се јавуваат на почетокот на учебната година	Соработник
Изготовка на Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем	Носител
Предавање за наставниците на тема која ја одбрале самите наставници врз основа на резултати од анкета	Носител
Октомври	

Следење на развојот и прилагодување на учениците во прва година во совладувањето на содржините во планот и програмите	Носител
Непосредна стручна помош и водење во задачите на наставните предмети што ги предава наставник - почетник	Соработник
Соработка и советодавна работа со родители	Носител
Следење на редовноста на учениците и превземање на активности за оние кои изостануваат од настава	Носител
Посета на часови на кои постојат проблеми во однос на работната дисциплина и изостанување од настава	Соработник
Индивидуално стручни педагошки разговори за посетените часови со наставниците во врска со констатираните состојби	Носител
Идентификација на учениците со тешкотии и пречки во развојот на кои треба да им се даде соодветна помош	Соработник
Учество околу подготовки на реализација на родителски средби и одржување на истите	Соработник
Идентификација на учениците со социјални проблеми и изготвување на мерки и задачи за педагошка работа со овие ученици	Соработник
Активности околу организирање на дополнителна настава	Соработник
Работа во активи	Соработник
Увид во дневните подготовки на наставниците	Носител
Индив. струч. усовршување -состанок со Секција на педагози	Носител
Усовршување во областа на комуникациските вештини	Соработник
Ноември	

Посета на часови кај наставниците по практична настава во соработка со директор	Соработник
Индивидуални стручни педагошки разговори за посетените часови во врска со констатираните состојби	Соработник
Анализа на успехот и поведението во првото тромесечие	Соработник
Испитување на педагошките фактори за неуспехот на училишната работа во целина или кон поодделни наставни предмети и подрачја на работа, предлагање на активностите за подобрување на успехот	Соработник
Советодавна работа со родители, за нивниот однос и воспитување во семејството	Соработник
Предавање од областа на заштитата и унапредување на здравјето на учениците и културата на живеење во соработка со надворешен предавач во текот на цела година	Соработник
Советодавни разговори со ученици, класните заедници на кои им е изречена педагошка мерка	Носител
Учество во подготовка и реализација на родителските средби	Соработник
Работа во стручни органи - активи, Наставнички совет, совет на паралелки, совет на родители и др	Соработник
Индив. струч. усовршување -присуство на Секција на стручни служби	Носител
Пратење и увид во работата на слободните активности, додатната настава и дополнителната настава	Соработник
Идентификација на ученици кои манифестираат неприлагодено однесување (изостаноци, агресивно однесување, деликвенција)	Соработник
Декември	
Разговор со раководителите на паралелката за водење на педагошката документација и евиденција	Носител
Посета на часови	Соработник
Стручно дидактички-методски разговори за посетените часови	Носител
Превземање на соодветни активности со учениците кои изостануваат во учењето (дополнителна работа, индивидуален третман во редовната настава, подготвителна работа, користење на одредени мотивациони средства и др.)	Носител
Разговори со ученици кои имаат потешкотии во учењето и поведението	Носител
Разговор со наставниците за правилно користење на формите за оценување	Носител
Советодавна педагошка работа со родителите (групно, индивидуално) - за унапредување на постапките за решавање на проблемите на нивните деца	Носител
Работа во стручни органи	Соработник
Индивидуално стручно усовршување - присуство на Секција на стручни служби	Носител
Посета на часови по наставни предмети кај кои е констатирано поголем број на негативни оценки	Носител
Јануари	

Соработка со надворешни институции и организации - Центар за социјални работи, Завод за ментално здравје, Биро за развој на образованието, Завод за здравствена заштита	Соработник
Учество во реализација на совети на години (околу разгледување на успехот, поведението и редовноста на учениците во првото полугодие)	Соработник
Изработка на статистика за успехот и поведението на учениците за првото полугодие	Носител
Учество во работата на класните заедници, активите и Наставничкиот совет	Соработник
Прегледување на педагошка документација	Носител
Подготовка за почеток на работа во второ полугодие (средување на педагошка документација)	Носител
Индивидуално усовршување	Носител
Предавање за наставниците на тема која ја одбрале самите наставници врз основа на резултати од анкета	Носител
Февруари	
Учество во изготвување извештај за работа на училиштето во првото полугодие	Соработник
Примање ученици од други училишта и распоредување по класови	Соработник
Посета на класни часови	Носител
Учество во активности и реализација на родителски средби	Соработник
Советодавна работа со ученици кои покажуваат слаб успех и незадоволителна поведение	Носител
Разговори -индивидуални или групни со родителите на учениците кои покажале слаб успех на полугодие	Носител
Соработка со класните заедници и училишната заедница	Соработник
Посета на часови	Носител
Советодавна помош на наставниците по односот кон работата и однесувањето кај учениците	Носител
Запознавање на учениците од завршните години со Правилникот за полагање на државна матура и завршен испит	Соработник Соработник
Работа во стручни органи	Соработник
Увид во реализација на дополнителната и додатна настава	Носител
Индивидуално стручно усовршување - Секција на стручни служби	Носител
Март	

Советодавна помош на учениците кои имаат потешкотии во учењето и однесувањето Советодавна помош на родителите Учество во подготовката и присуство на часови Стручно-дидактичко-методски разговори за часовите со посетените наставници Педагошко-инструктивни разговори со наставниците кои изведуваат дополнителна настава Организација околу Денот на Екологијата Работа во стручни органи	Носител Носител Соработник Носител Носител Соработник Соработник Соработник
Април	
Советодавна работа со учениците и родителите Учество во подготовките и одржување на советите за паралелките за третото тромесечие Увид во педагошката евиденција на дневниците за работа Следење на работата на класните и ученичките заедница Учество во работата на стручните органи Активности околу изведување на систематските прегледи за прва и завршните години - соработка со здравствените организации Учество во активностите и реализацијата на родителските средби Индивидуално стручно усовршување со Секција на педагози	Носител Соработник Носител Соработник Соработник Соработник Соработник Носител
Мај	
Соработка и советодавна со ученици и родители Подготовки за одржување на совети на паралелките за учениците од завршните години Посета на часови Стручно педагошки разговори со наставници за посетени часови Учество во подготовка и организирање на дополнителна настава за учениците упатени на поправен испит од завршните години Работа во стручни органи	Носител Соработник Носител Носител Соработник Соработник
Јуни	
- Во ученичката заедница, како заедница на претставници од паралелките, се дискутира, анализитра, следи, информира, промовира, предлага идеи, теми, содржини, со цел подобрување на воспитно-образовниот процес во училиштето
- Ученичката заедница има свое раководство и е состои од: претседател, заменик претседател и записничар.

Задачи	Активности	Време	Реализатори	Индикатори
Поттикнува на демократија. дискутирање, изјаснување, запознавање на своите права и одговорности	Размена на искуство со другите класни заедници, барање на одговор, решение на проблем	Континуирано	Учен заедница, одговорни наст, стручна служба	Евиденција за присуство, записници
Го следи воспитно-образовниот процес во паралелките	Ги анализира извештаите од постигнувањата во воспитно-образовниот процес	Континуирано	Членови на учен заедница, ученици, одговорни наст, стручна служба раководство	Евиденција за присуство, записници
Предлагаат, се организираат, бараат подршка кај раководителот на	Сопствени согледувања, консултации со наставници, стручна	Континуирано	Членови на учен заедница,	Записници

паралелката,предметните настав., стручната служба	служба		ученици, одговорни наст, стручна служба раководство	
Пренесуваат ставови, проблеми од учениците од паралелката, учебници, губење часови, училишен инвентар	Контакт со раководителот, предметниот наставник, помошници на директорот, стручна служба	Континуирано	Членови на класната заедница	записници
Повремени средби со стручната служба, редовни и вонредни, се пренесуваат проблемите во паралелката	Потенцирање на ситуации, ученици со посебни проблеми со кои треба да се разговара	По потреба	Членови на класна заедница	Записници
Пренесување на заклучоците од состаноците на училишната заедница во паралелката	Се дискутира за договорените заклучоци, новини кои се битни за класот	По потреба	Членови на класната заедн Раководители на паралелките	Записници
Водење грижа за ученици со посебни потреби	Вклучување на учениците во воннаставни активности	Континуирано	Членови на класната заедн Раководители на паралелките	Евиденција на присуство

Клубот за едукација и превенција при СУГС „Цветан Димов“ Скопје во текот на училишната година го имплементира предвидениот Интегрален оперативен план доставен од Црвен крст на РСМ – Општинска организација Чаир

Активности	Показател	Очекуванирезултати	Временска рамка за имплементација
Работни средби со одговорните наставници/	Одржани 4состаноци со одговорните наставници/	Надградени се капацитетите на ОО, зголемен број на волонтери и членови и активности.	септември / мај
Одбележување на 16 октомври – Светскиот ден за борба против гладта преку организирана кампања.	Организирање на хуманитарна акција во училиштата за помош за ученици од социјални загрозени семејства. Обезбедена хуманитарна помош за 250 семејства.	**Подигната е свеста на родителите, децата за потребната помош и грижа за сиромашното население т.е соученици.**	Октомври

Одбележување на Недела на солидарност,спроведување на собирна акција „од куќа до куќа“	Формирање на тимови за спроведување на собирни акции во близина на училиштата Посетени 1500 семејства потенцијални донатори. Обезбедена хуманитарна помош за 50 семејства.	Подигната свест кај населението за потребната солидарност, помош и грижа за ранливите категории на население.	Април
Одбележување на Неделата на стари лица	Подготовка на честитки, цртежи и симболични подароци за старите лица. Посетени 50 стари лица во старски домови.	Социјализација на старите лица и потикнување на младите за грижа спрема лицата во трето доба.	Март – Јуни

Неделата на борба против трговија со луѓе 2-9 декември	Реализирани превентивни активности за борба против трговија со луѓе во училиштата преку едукативни работилници.	Подигната свест на јавноста за проблемот на трговијата со луѓе, реализирани 25 едукации	Септември / Декември
Организирање на социјални активности за поддршка на деца и младинци со посебни потреби. **-одбележување на 3-ти декември Меѓународен ден на лицата со посебни потреби.**	Рализација на креативни работилници со децата со посебни потреби, заеднички излети, прошетки.	Подобрено социо- културно ниво и квалитет на животот на децата и младите со посебни потреби	Септември / Мај
Подигање на јавната свест за заштита и самозаштита во случај на катастрофи	Реализација на едукации за заштита и самозаштита во случај на елементарни	Подигнатајавнасвестнаучениците и наставниоткадарзазаштита и	Октомври / Мај

(природни катастрофи, катастрофи предизвикани од човек) во образовниот систем	непогоди. Реализација на показни вежби за евакуација на училишта, во случај на елементарни непогоди.	самозаштитавослучајнакатастрофи (природникатастрофи, катастрофипредизвиканиодчовек) и вообразовниотсистемпреку симулациски вежби и предавања-едукации	Т
Организирање на работилници и едукации за доброволно крводарување кај средношколската младина.	Организирање на 20 едукации за подигање на свеста на младите за доброволно крводарување	Мобилизирање на нови крводарители и зголемување на бројот на крводарувања.	Октомври / Мај
Одбележување на традиционални недели за здравствено превентивна дејност. **-ХИВ/СИДА** **-болести на зависности** **-трговија со луѓе** **- СПИ**	Спроведени 70 едукации од здравствено-превентивна дејност (по избор на училиштето)	Подигната е јавната свест на учениците и наставниците за важноста од превентивно делување односно за значењето на здравствено-превентивните активности	Септември / Декември Февруар / Мај

Реализација на активности во рамки на превентивната програма за туберкулоза	Реализација на типизирани предавања во училиштата со достава на материјали и презентации	Зголемена е информираноста и подигната е јавната свест за туберкулозата Надградени се капацитетите на ООЦК за реализација на едукативни активности за туберкулоза меѓу различни целни групи	Јануари / Декември
Организирање на обука по Прва помош за наставници и ученици	Обучени 1800 ученици и 200 наставници	Подобрени се капацитетите на ООЦК за едукација и обука по Прва помош. Подигната свест за важноста од правилно и навремено пружање на Прва помош	Септември / Мај

Организирање на Општински натпревари по Прва помош	Учество на 4екипи од средните училишта на општинскиот натпревар	Промовирана е првата помош кај младите и подигнување на степенот на подготвеност на екипите за укажување на прва помош	Февруари / Мај
Организирање на Дисеминациски работилници	Реализација на 18 едукации-работулници	Запознавање на помладата популација со Црвениот крст и неговата дејност.	Септември / Мај
Учество на државниот напревар по Прва Помош	Учество на првопласираната екипа во категорија млади	Зајакнување на капацитетите на екипите по прва помош.	Септември

Одбележување на Недела на Младите	Организирани 20 промотивни настани од клубовите-секции на младите	Промовирани се активностите на младите како и можности за вклучување на нови волонтери во клубовите и секциите. .	Октомври (2023)
Организирање на активности по повод новогодишните и божиќните празници	Организирање на активности за обезбедување и поделба на наовогодишни пакетчиња на децат од социјално загрозени семејства и деца со посебни потреби.	Поделба на 200 новогодишни пакетчиња.	Декември
Реализација на крводарителски акции	Поттикнување на млади крводарители за доброволно крводарување и спасување на нечиј човечки живот.	Реализација на 200 нови крводарувања, како прво крводарување на потенцијалните крводарители.	Октомври / Мај

СУГС „ЦВЕТАН ДИМОВ“ Скопје

Активности што придонесуваат за развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранција 2023/24 година

Училишта партнери

- ✓ ДСУ за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски“ - Скопје
- ✓ СУГС „Цветан Димов“ - Скопје

ТИМ

1. Директор – Сакип Аџами
2. Наставник – Јасмина Димитриевска
3. Наставник – Нухи Зекири
4. Наставник – Виченц Јаковски
5. Наставник – Орхан Шакири
6. Наставник – Елвиса Нуредин
7. Наставник – Џихан Ахмет

Активност I

1. **Број на ученици според наставен јазик од двете училишта:**

Македонски јазик	10
Албански јазик	5
Турски јазик	5

Број на средби во рамки на активноста	3
Број на наставници реализатори	3
Број на вклучени родители	3

2. **Период на реализација**

март, април, мај, јуни, септември и октомври

3. **Цел на активноста**

- Развивање чувство на почит, спознавање и прифаќање на другите култури
- Стекнување знаења од богатото народно творештво
- Оспособување на учениците за пеење, сценско однесување и настап

4. **Вид на активност**

Изведба на народната песна „Шербет блага невесте“

5. **Како планирате да ја спроведете активноста**

***Воведни работилници**

- Меѓусебно запознавање на членовите на групата
- Воспоставување интерперсонална комуникација со припадници на застапените етнички заедници
- Воспоставување правила на групата
- Утврдување на динамиката на активностите

***Мултикултурни работилници**

- Учениците развиваат чувство на отвореност за запознавање на особеностите на другите култури
- Учениците развиваат чувство на почит, емпатија, доверба и прифаќање на другите култури
- Учениците развиваат вештини за комуникација и соработка што се потребни за интеракција со ученици од други култури
- Видео-презентација на народната песна „ Шербет блага невесте “
- Учење зборови/фрази на јазикот на другите

*** Проектни/изведбени работилници**
- Вежбање на музиката и текстот на песната
- Завршен настан - Сценски настап

6. Како ќе соработуваат учениците во текот на реализацијата на активностите

Преку тимска работа, работа во парови/групи кои ќе бидат избалансирани според пол, етничка припадност и индивидуални можности и способности, ќе се овозможи воспоставување непосреден однос меѓу членовите и слободно изразување на мисли, чувства и идеи, взаемно помагање и поддршка.

Членовите на групата взаемно ќе си помагаат и ќе се поддржуваат во учењето и вежбањето на народната песна

7. Финален резултат

Сценски настап

8. Очекувани ефекти
- Создавање чувство на заедништво, припадност, соработка и помагање на другите
- Задоволство од сработеното
- Ослободување на емоции и фантазија, јакнење на самодоверба и развивање на способности
- Стекнување вештини за идентификување на сличностите како појдовна точка

Активност II

1. Број на ученици според наставен јазик од двете училишта:

Македонски јазик	10
Албански јазик	5

Турски јазик	5

Број на средби во рамки на активноста	3
Број на наставници реализатори	3
Број на вклучени родители	3

2. Период на реализација

март, април, мај, јуни, септември и октомври

3. Цел на активноста

- Поттикнување на учениците за изработка на креативни творби
- Развивање креативност кај учениците и свесност за сопствените способности со цел да се јакне нивната самодоверба и отвореност кон средината
- Стекнување знаења и вештини за изработка на креативни творби
- Развивање чувство на почит, спознавање и прифаќање на другите култури

4. Вид на активност

Изработка на креативни творби - од идеја до реализација

5. Како планирате да ја спроведете активноста

***Воведни работилници**

- Меѓусебно запознавање на членовите на групата
- Воспоставување интерперсонална комуникација со припадници на застапените етнички заедници
- Воспоставување правила на групата
- Утврдување на динамиката на активностите

***Мултикултурни работилници**

- Учениците развиваат чувство на отвореност за запознавање на особеностите на другите култури
- Учениците развиваат чувство на почит, емпатија, доверба и прифаќање на другите култури
- Учениците развиваат вештини за комуникација и соработка што се потребни за интеракција со ученици од други култури

- Демонстрација на материјали и техники на изработка
- Учење зборови/фрази на јазикот на другите

*** Проектни/изведбени работилници**

- Изработка на креативни творби
- Завршен настан - промоција и презентација на производите

6. **Како ќе соработуваат учениците во текот на реализацијата на активностите**

Преку тимска работа, работа во парови/групи кои ќе бидат избалансирани според пол, етничка припадност и индивидуални можности и способности, ќе се овозможи воспоставување непосреден однос меѓу членовите и слободно изразување на мисли, чувства и идеи, взаемно помагање и поддршка

7. **Финален резултат**

Промоција и презентација на финалниот производ

8. **Очекувани ефекти**

- Меѓусебно запознавање, разбирање, позитивна енергија, дружење и зближување
- Задоволство од сработеното
- Ослободување на емоции и фантазија, јакнење на самодоверба и развивање способности

Активност III

1. **Број на ученици според наставен јазик од двете училишта:**

Македонски јазик	10
Албански јазик	5
Турски јазик	5

Број на средби во рамки на активноста	3
Број на наставници реализатори	3
Број на вклучени родители	3

2. Период на реализација

март, април, мај, јуни, септември и октомври

3. Цел на активноста

- Стекнување вештини за рециклирање хартија
- Заштита на животната средина
- Развивање креативност
- Развивање свесност и разбирање на различностите

4. Вид на активност

Изработка на производи од картон

5. Како планирате да ја спроведете активноста

***Воведни работилници**

- Меѓусебно запознавање на членовите на групата
- Воспоставување интерперсонална комуникација со припадници на застапените етнички заедници
- Воспоставување правила на групата
- Утврдување на динамиката на активностите

***Мултикултурни работилници**

- Учениците развиваат чувство на отвореност за запознавање на особеностите на другите култури
- Учениците развиваат чувство на почит, емпатија, довреба и прифаќање на другите култури
- Учениците развиваат вештини за комуникација и соработка што се потребни за интеракција со ученици од други култури
- Демонстрација на процесот за изработка на производи од картон
- Учење зборови/фрази на јазикот на другите

*** Проектни/изведбени работилници**

- Изработка на штанц форма
- Изработка на производи од картон
- Завршен настан - промоција и презентација на производите

6. **Како ќе соработуваат учениците во текот на реализацијата на активностите**

Преку тимска работа, работа во парови/групи кои ќе бидат избалансирани според пол, етничка припадност и индивидуални можности и способности, ќе се овозможи воспоставување непосреден однос меѓу членовите и слободно изразување на мисли, чувства и идеи, взаемно помагање и поддршка.

7. **Финален резултат**

Промоција и презентација на финалниот производ

8. **Очекувани ефекти**

- Создавање чувство на заедништво, припадност, соработка и помагање на другите
- Стекнување работни навики и развивање вештини
- Задоволство од сработеното
- Подигање на свеста за зачувување на животната средина

Вкупен број на ученици според наставен јазик во сите предвидени активности:	
Македонски јазик	30
Албански јазик	15
Турски јазик	15

Вкупен број на наставници реализатори во сите предвидени активности	9
Вкупен број на вклучени родители во сите предвидени активности	9

***Активности кои ќе се реализираат по завршувањето на активностите поддржани од грантот**

- Понатамошна соработка со училиштето партнер
- Проширување и продлабочување на соработката во нови области

- Вклучување на поголем број општествено-одговорни организации
- Активностите поддржани од грантот се со одржлив карактер

КОДЕКС

За однесувањата на членовите на ученичката заедница

Членот се обврзува:

• Да се ангажира одговорно и доследно	• Да ги почитува одредбите и одлуките на училиштето
• Да внимава на својот речник	• Да служи за пример со своето однеување
• Да има одговорен однос кон средствата за работа	• Да верува во своите способности
• Да ги почитува ставовите и одлуките на мнозинството	• Да е солидарен
• Да го гради својот морален лик	• Да избира активност за кој има најголем интерес
• Да ги почитува своите соученици	• Да ги почитува вработените во училиштето
• Да им помага на останатите членови и ученици	• Да не омаловажува и навредува
• Да е искрен и лојален	• Да не учествува во политичко и верско организирање во училиштето
• Да ги почитува правилата на Куќниот ред на училиштето	• Да соработува врз основа на договарање

Со овој Кодекс се опфатени основните барања и начела кои го определуваат однесувањето на членовите на ученичката заедница

ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА МЛАДИНСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ВО УЧЕБНАТА 2023/24 ГОДИНА

ЦЕЛИ НА МЛАДИНСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА -Да го осмисли слободното време на учениците во рамките на нивните интереси и можности на училиштето преку организирање на: спортски натпревари, културни маниестации, едукативни програми, забави итн. -Да го поттикне креативниот дух на учениците во училиштето -Да го поттикне пријателството и дијалогот меѓу учениците заснован врз принципите на рамноправност и взаемно почитување -Да ја подобри комуникацијата меѓу учениците и наставниците -Да ги претставува интересите и барањата на учениците пред раководството и Наставничкиот совет на училиштето -Да ги афирмира ученичките права и обврски -Да го афирмира училиштето и подобри контактот со другите училишта во РСМ и пошироко
Центарот за стручно образование и обука (ЦСОО) во соработка со Македонскиот центар за граѓанско образование (МЦГО) ќе спроведува програма за поддржување на работата на ученичките заедници/младинска организација и поттикнување на нивното демократско учество во училиштата, преку спроведување на ученички иницијативи. Тим за координација: директор, член од стручна служба, наставник по граѓанско образование (Сакип Аџами, Берина Јакупи и Ридван Мустафа). За секое училиште е назначен ментор од редовите на ЦСОО кој ќе работи со училишниот тим преку обучување и насочување во процесот на насочување на ученичките иницијативи. За учество во активностите, училиштето ќе добие поддршка во вид на техника (лаптоп и ЛЦД проектор), кои ќе бидат доставени по реализиацијата на ученичките иницијативи. **ПОТТИКНУВАЊЕ НА МЛАДИНСКИ ИНИЦИЈАТИВИ ОД ОБЛАСТИ:** -Креирање на електронски ученички весник или блог кој ќе го администрира ученичката заедница - Креирање на електронска база со стручни материјали кои ќе им бида од корист на учениците за збогатување на знаењето од разни области -Креирање на форум преку кој учениците ќе разменуваат мислења и меѓусебно ќе си помагаат - Организирање на хуманитарни настани - Работилница - изработка на флаер, постер или брошура за борба против корупција -Табла за пораки на која учениците ќе може да остават пораки - Уредување на училишниот двор и поставување на канти за рециклирање на отпадот - Формирање на еко-тим и организирање кампања за подигнување на свеста за заштита на животната средина -Избор на најдобри фотографии кои го прикажуваат училиштето и училишниот двор и креирање на дигитален фото албум

- Збогатување на библиотеката со нови книги - поднесување барање до издавачите за донирање книги -запознавање на училишната популација со Емоционална Интелегенција (презентации, работилници, предавање на стручни лица)

Септември 1.Осмислување на конституцијата на ученичката канцеларија. Самата канцеларија ќе работи со помош на повеќе тимови кои ќе делуваат во различни сфери на животот на младите 2.Изготвување на план за проширување на бројот на ученици кои ќе соработуваат со канцеларијата. Пријавувањето на учениците ќе се одржи преку анкетни ливчиња кои ќе бидат доставени до секој клас. Во секој клас поединечно секој ученик ќе може да се изјасни доколку сака да се вклучи во работата на Ученичката канцеларија и во кој од тимовите. Самото анкетно ливче е од голема важност бидејќи со него се собираат статистички податоци за поединечни прашања поставени во прашалникот. Анкетното ливче има голем број на информации кои треба да ги знае ученикот во врска со постоењето на канцеларијата. Откако ќе се сумираат резултатите од анкетата ќе се оформат Тимовите со нивните членови и ќе се свика конститутивен состанок на секој од тимовите. На овој состанок ќе се усвои програмата за работа за секој од тимовите. 3.Организирање на Тимот за информации и почеток на реализацијта на програмата на училишниот разглас. 4.Функционирање на анкетни кутии “ ЗАБЕЛЕШКИ И ПОФАЛБИ”. Во овие кутии учениците ќе можат писмено на анонимен начин да ги изнесат своите забелешки и пофалби до професорите, друг ученик или било кој член на персоналот на училиштето. 5.Информирање на родителите за постоењето на Младинска организација
Октомври 1.Формирање на училишни секции во зависност од интересот од учениците. Во план е организирање на ритмичка група, литературни-драмска секција, ликовна работилница и други групи за кои постои интерес за формирање. 2.Дефинирање на програмата за работа на поединечните тимови како и официализирање на нивната работа со првите акции. 3.Формирање на мини библиотека во Ученичката канцеларија во која ќе бидат застапени книги кои сакаат младите да ги читаат. 4.Иницирање на постоењето на спортски групи во училиштето. Тимот за спорт ќе организира учество на спортски натпревари на ниво на училиште и надвор од училиштето
Ноември 1.Објавување на литературен конкурс за учениците. Во комисија ќе бидат професори по албански, турски и македонски јазик. Конкурсот ќе трае до 10 Декември. До крајот на полугодието ќе бидат објавени резултатите од конкурсот. 2.Објавување на ликовен конкурс за учениците. Во комисијата ќе бидат професори кои ќе покажат интерес да бидат дел од

оваа активност. Конкурсот ќе трае до 10 Декември. До крајот на полугодието ќе бидат објавени резултатите од конкурсот.
Декември 1.Објавување на резултатите од литературниот и ликовниот конкурс. Со наградените и пофалените ликовни творби ќе се организира мала изложба на која ќе бидат прочитани извадоци од литературните наградени творби. На изложбата ќе бидат поканети сите ученици, родители, преставници од организации и институции од РСМ со кои соработува канцеларијата 2.Организирање на новогодишна хуманитарна акција за донирање пакетчиња за дечињата од ранливата категорија на ниво на општина Чаир
Јануари 1.Почеток на кампања против пушење и алкохол
Февруари 1.Вклучување на основните училишта во здравствена едукација. 2.Организирани активности по повод 8 март, Светскиот ден на жената 3.Планирање активности по повод Денот на екологија.
Март 1.Организирање на предавање на тема од циклусот “ Болести на дешнината” 2.Реализирање на планираните активности по повод Денот на екологијата. 3.Тимот за спорт ќе организара натпревари и турнири во училиштето како и надвор од него.
Април 1.Одбележување на 23 април - Светскиот ден на книгата со размена на книги помеѓу учениците 2.Одбележување на Денот на здравјето
Мај 1.Организирање на спортски натпревари меѓу училиштата во градот и РСМ
Јуни 1.Организирање на анкета меѓу учениците и родителите за активностите на младинската организација. 2.Анализирање на активностите на тимовите во текот на годината. 3.Организрање на забава по повод завршување на учебната година. 4.Изготвување на план за реализација на Ученичката канцеларија за следната година.

ПРОГРАМА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА СПОРТСКО-РЕКРЕАТИВНА ЕКСКУРЗИЈА, ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ, УЧЕБНА 2023/24 ГОДИНА

Врз основа на *Правилникот за начинот на изведување на училишните екскурзии на учениците од средните училишта,* бр. 07-9992/3 од 05.06.2014 година, донесен од Министерот за образование и наука, е изработена оваа Програма за изведување на спортско рекреативна екскурзија, еднодневен излет учебна 2023/24 година за учениците од прва до четврта година и нивните наставници.

I. Воспитно-образовни цели:

- запознавање со природните убавини на Попова Шапка;
- забавно-рекреативни и социјализациски цели.

II. Задачи:

- развивање интерес и грижа за природата и практикување на еколошки навики;
- остварување на потребите за спортски активности, рекреација и култура за здраво живеење.

III. Содржини и активности:

Во 07.30 поаѓање од договореното место, односно пред влезот на училиштето, секој раководител на паралелка претходно ги организира своите ученици.

Во 08.30 пристигнување во спортско рекреативниот центар Попова Шапка.

Во периодот од 9.00 до 10.00 раководителите на паралелките дискутираат со учениците за: кодексот на однесување, грижа за природата и практикување на еколошките навики, мерки на претпазливост, безбедност.

Во периодот од 10.00 до 14.00 наставниците по спорт заедно со раководителите на паралелките ги организираат учениците според нивните желби, каква спортска активност би реализирале.

Во периодот од 14.00 до 15.00 се прави евалуација на денот, раководителите на паралелките разговараат со учениците за добрите и слабите страни на излетот (што им се допаѓа, а што не, што би измениле на следната екскурзија).

Планирано е во 16.00 часот пристигнување пред училиштето.

IV. Раководителот на екскурзијата, наставниците и учениците:

Раководител на еднодневниот излет е Мустафа Алили и со неа се опфатени учениците од I до IV година инивните раководители на паралелки.

V. Времетраењето на излетот:

Еднодневен излет кој ќе се реализира крај на месец февруари или почеток на месец март 2024 година.

VI. Локации за посета и правците на патување:

Локација е спортско рекреативниот центар Попова Шапка. Патувањето е на релација Скопје-Тетово-Попова Шапка и обратно, без попатни застанувања.

VII. Техничка организација:

Екскурзијата и другите слободни активности ќе бидат реализирани во согласност со Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии на учениците од средните училишта.

VIII. Начин на финансирање:

Самофинансирање од страна на родителите на учениците.

За оваа екскурзија – еднодневен излет Стручниот тим има изготвено *Кодекс на однесување на учениците за време на училишните екскурзии,*согласно член 9 од Правилникот.

Оваа програма е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето СУГС ,,Цветан Димов'' Скопје, учебна 2023/2024 година која е со бр._____ од __.08.2023 година.

Директор

_____ година

Сакип Аџами

ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЗАВРШНАТА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ВТОРА И ТРЕТА ГОДИНА ВО УЧЕБНАТА 2023/24 ГОДИНА

Врз основа на *Правилникот за начинот на изведување на училишните екскурзии на учениците од средните училишта,* бр. 07-9992/3 од 05.06.2014 година, донесен од министерот за образование и наука, е направена оваа Програма за реализација на завршната училишна екскурзија за учениците од втора и трета година од средното образование, во учебната 2023/24 година.

I. Воспитно - образовни цели:

- проширувања на знаењата за културно-историските знаменитости во Република Албанија,
- усвојување нови знаења за националните, интернационалните и културните вредности на градовите кои се предвидени за посета во Република Албанија,
- развивање различни интереси кај учениците при посета на некои локалитети,
- развивање позитивни ставови за природната и општествената средина во која се наоѓаат, поконретно за градовите, Јадранското Море, локалитетите под заштита на УНЕСКО и сл.

II. Задачи:

- запознавање со културно – историските знаменитости на Република Албанија,
- формирање позитивен однос кон националните, интернационалните, културните вредности при посета на градовите во Република Албанија,
- потикнување на личните културни навики, љубопитност, истражување при посета на некои локалитети во услови кога се патува групно,
- поттикнување и манифестирање на позитивни емоции кон средината кон луѓето како што се: другарување и поддршка, солидарност и подобро взаемно запознавање.
- достојно претставување на СУГС „Цветан Димов“ од Скопје и земјата од која доаѓаат, Република Северна Македонија

III. Содржини и активности:

- посета на културно-историските знаменитости на Круја, Драч,Тирана, Берат, Фиер и Валона.
- посета на научни и образовни установи во Тирана.

IV. Раководител на екскурзијата, настаниците и учениците:

- Сакип Аџами, Директор на училиштето ,
- Бесник Ајети, помошник директор,
- Селбинас Шабани, стручен соработник,
- Ридвен Мустафа, раководител на паралелка - раководител на екскурзијата

Стручниот тим има изготвено *Кодекс на однесување на учениците за време на екскурзијата* со кој учениците треба:

- да ги почитуваат законите на Република Северна Македонија и законите на Република Албанија, државата во која се изведува завршната екскурзија;
- да го претставуваат достојно нашето училиште „Цветан Димов“, градот Скопје и државата Република Северна Македонија;
- да ја почитуваат забраната за конзумирање алкохол, употреба и трговија со дрога;
- да ја почитуваат забраната за носење секаков вид оружје;
- да ја почитуваат забраната за нарушување на јавниот ред и мир, насилно однесување и нанесување материјална штета;
- да ја почитуваат забраната за оддалечување од групата без дозвола на одговорниот наставник.

Ученикот кој за врема на училишната екскурзија не го почитува *Кодексот на однесување на учениците за време на екскурзијата*, Наставничкиот совет му забранува учество на наредните училишни екскурзии и предлага да му се изрече педагошка мерка.

V. Времетраење:

Екскурзијата е предвидено да се реализира во траење од 4 (четири) денови, со 3 (три) ноќевања. Периодот на одржување на екскурзијата кон крајот на месец април и почеток на месец мај 2023 година.

VI. Локации за посета и правци на патување:

Прв ден СКОПЈЕ – КРУЈА – ДРАЧ:

Собирно место пред училиштето во 6.00 часот. Поаѓање во 06.00 и патување кон граничниот премин Блаце. Пристигнување во Круја во претпладневните часови. Разгледување на градот со водич. Посета на замокот во Круја – Резиденцијата на Скендербег, како и посета на споменикот на Скендербег. Заминување кон Драч, разгледување на градот со водич. Овој приморски град излегува на Јадранско Море и се наоѓа во центарот на Албанија, 35 км од Тирана. Драч е најголемо пристаниште во Албанија, а воедно е и најстариот град во Албанија со 3000 години историја чии зачетоци се во антиката. Посета на еден од најстарите Амфитеатри и Драчката џамија од 15 век. Сместување во хотел. Вечера. Ноќевање.

Втор ден ДРАЧ – ТИРАНА – ДРАЧ:

Појадок. По појадокот се поаѓа кон Тирана. Обезбедување ланч пакети. Панорамско разгледување со прошетка низ центарот на градот, Народниот Музеј, Парламентот, Владата, Кралската Палата, Националната Радио-Телевизија, Замокот на Тирана, Саат Кула, Плоштадот Скендербег, Плоштадот Мајка Тереза, мозаикот на Тирана, Етем Бој Џамијата. Патување кон Драч. Враќање во хотелот во Драч. Вечера. Ноќевање.

Трет ден ДРАЧ – БЕРАТ – ФИЕР – ВАЛОНА – ДРАЧ

Појадок. Попојадокот се поаќа кон Берат. Познат е како „Град на илјада прозорци“, поради големите прозорци кои ги красат куќите. Градот е испреплетен со муслимански и христијански градби. Посета на централното подрачје на Берат кое е ставено под заштита на УНЕСКО. Ручек (ланч пакет) и заминување кон Фиер, историски град од старогрчкиот и староримскиот период со посета на антички град – локалитетот Аполониа. Заминување кон Валона. Крајбрежен град, на брегот на Јонското Море, второ најзначајно пристаниште по Драч. Се наоѓа на 135 км од Тирана. Град богат со историја и култура. Посета на најважните знаменитости „Музејот на независноста“, „Музејот на историја и етнографија“, „Мурадија џамија“ изградена во 1542. Во попладневните часови посета на „Бекташи текија Кузум Бабе“, кој се наоѓа на еден рид над градот, со прекрасен поглед на градот и Полуостровот Карабурн, островот Сазан и Заливот Нарту. Враќање во хотелот во Драч. Вечера. Организирана забава во хотелот. Ноќевање.

Четврти ден ДРАЧ – ПРИЗРЕН – СКОПЈЕ

Појадок. По појадокот поаѓање кон Призрен. Кратка прошетка низ градот. Заминување за Скопје. Пристигнување во Скопје во вечерните часови.

VII. Техничката организација:

Екскурзиите и другите слободни активности ќе бидат релизирани во согласност со Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од средните училишта.

VIII. Начин на финансирање:

Самофинансирање од страна на родителите на учениците.

Во цената треба да бидат вклучени следните услуги: автобуски превоз со туристички автобуси опремени со клима уред и аудио-визуелни средства, сместување во хотел со 4*** во Драч – Република Албанија, локален водич, медицинско лице за време на патувањето, патничко осигурување, организирање на заедничка свечена вечера со ДЈ музика, патничко осигурување, организирани трансфери со автобуси, хотел – центар на град – хотел, придружник (наставник) за време на патувањето во секој автобус.

Во зависност од околностите и условите на патување, предвидената програма може да претрпи одредени измени од содржински и технички карактер, доколку истите се од интерес на учениците.

Програмата за оваа ученичка екскурзија е изработена според погореспоменатиот *Правилник* и е дел од *Годишната програма за работа на училиштето СУГС „Цветан Димов“ Скопје учебна 2023/24 година*, бр. ----------.08.2023 година.

Раководител на екскурзијата

Ридван Мустафа _____

КУЌЕН РЕД НА СУГС "ЦВЕТАН ДИМОВ" СКОПЈЕ

Наставата во Училиштето се одвива во две смени: првата смена започнува во 7:30 часот, а втората во 13:30 часот.

Надворешната врата на училиштето се затвора веднаш по започнување на часовите, а се отвора за време на одморите.

За време на часовите не е дозволено непотребно излегување и движење низ ходниците.

Учениците се должни да го чуваат инвентарот на училиштето. Секоја штета предизвикана по нивна вина, должни се да ја надоместат.

Во случаите кога виновникот и покрај сите преземени мерки не може да се пронајде, штетата ја надоместува паралелката. Во училниците со компјутери се води секојдневна евиденција за примо-предавање на просторијата од една паралелка на друга.

Учениците треба посебно да обрнат внимение на личната хигиена, изгледот и хигиената во просториите на училиштето, како и училишниот двор.

Особено, заради опасност од инфекции и заразни болести, да обрнат внимание при употребата на тоалетите и да ги затвораат чешмите по употреба.

Отпадоците не смее да се фрлаат на друго место освен во корпите за отпадоци.

Пушењето во просториите на училиштето и дворот најстрого се казнува според Законот за заштита од пушење.

Пред напуштањето на училницата секој ученик е должен да провери дали го оставил своето место во ред и дали ги понел со себе своите предмети.

Училиштето не е должно да им ги надоместува на учениците изгубените предмети. За време на одморите и часовите по спорт дежурните ученици се одговорни за личните предмети на учениците.

При влегување во училница дежурните ученици од паралелката се должни да пријават евентуални штети направени на претходниот час.

По завршување на последниот час учениците излегуваат од зградата пристојно, без трчање и врева.

Дежурните ученици од паралелките се должни последни да ја напуштат училницата, да проверат и да пријават евентуално изгубени работи или материјални штети.

Секој ученик е должен да се придржува на Куќниот ред во училиштето. Во спротивно ќе се изрече педагошка мерка според член 54, 55, 56 и 66 од Статутот на училиштето.

ПРАВИЛНИК ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИ, НАСТАВНИЦИ И РОДИТЕЛИ

Општи напомени

Со Куќниот ред се регулира редот, дисциплината, односите меѓу учениците, наставниците и наставата во Училиштето;

Според Законот за средно образование и воспитание, како и Статутот на Училиштето, учениците имаат права кои ги остваруваат преку наставата и другите облици на воспитно-образовна работа, а истовремено имаат и обврски коишто треба да ги исполнуваат и почитуваат.

Време на изведување на наставата

1. Работното време на наставата почнува во 7,30, а завршува во 13,10 (за првата смена) и од 13,30 часот до 19,45 часот (за втората смена).

Ред за влегување и престојување во училишната зграда на учениците, вработените и надворешните лица

1. Учениците во училиштето влегуваат најмалку 5 минути пред започнување на првиот, односно, на третиот час кога се на голем одмор, по што влезните врати на училиштето се заклучуваат. Влегувањето во училници треба да биде уредно и тивко.
2. Учениците професорите треба да ги чекаат во училница на своето место, а не пред вратата или ходниците.
3. Учениците во училиштето доаѓаат педантни и пристојно облечени.
4. Учениците се должни да се однесуваат пристојно и со почит кон наставно-воспитниот, административниот и техничкиот кадар во училиштето.
5. Ученикот не смее без одобрение да го напушти часот и да се задржува во санитарните простории или во ходниците. За да не се наруши текот на наставата, додека трае часот, забрането е излегување од часот и шетање низ ходници.
6. Се забранува групно и индивидуално напуштање на часови. Поради истото на учениците ке им бидат изречени педагошки мерки. Заради непочитување на оваа одредба, на учениците им се изрекуваат педагошки мерки (според Статутот на училиштето).
7. Учениците се должни да го чуваат редот, дисциплината и хигиената во училницата, училиштето и надвор од него.
8. Учениците со своето однесување не смеат да предизвикуваат конфликтни ситуации или да бидат дел од нив. Не е дозволено насилничко однесување. Најстрого се забранува предизвикување на тепачки, а меѓусебните недоразбирања учениците да ги реашаваат сами меѓусебе на другарски начин во рамките на Заедницата на паралелката или со посредство на раководителот на паралелката.
9. Забрането е користење мобилен телефон за време на часовите (истиот мора да биде исклучен).
10. Најстрого се забранува пушење во просториите на училиштето и училишниот двор, а непочитувањето ќе биде казнето согласно Законот.
11. Во кругот на училиштето не смеат да се внесуваат и конзумираат алкохолни пијалоци.
12. Најстрого се забранува внесување и користење на дрога во училиштето и училишниот двор.

13. Учениците не смеат со себе да носат оружје или други предмети опасни по здравјето и безбедноста на луѓето.
14. Најстрого се забранува непочитување, нарушување на личноста, угледот и физичкиот интегритет на соучениците, вработените и наставниците во и надвор од училиштето.
15. Секој ученик треба да биде ценет како личност без огледа на неговите способности, талент, пол, раса, култура, традиции, националност, вероисповест и социјална положба.
16. Ученикот да има совесен, одговорен и хуман однос кон сите во училиштето.
17. Учениците не смеат да повикуваат и носат надворешни лица во училиштето и училишниот двор.
18. Учениците треба да го чуваат училишниот инвентар и наставно-нагледните средства. (Должност на сите учениците е културно и домаќински да се однесуваат кон училишниот имот, кабинетите, компјутерите, училишниот инвентар,инсталациите и сл.).
19. Ученикот ќе ја надомести секоја направена материјална штета во училиштето, а доколку штетата е направена намерно ќе му се изрече и соодветна педагошка мерка.
20. Учениците треба да го чуваат и да не го уништуваат зеленилото во училишниот двор и ходниците.
21. Посебно место во нивниот живот и работата (во училишната зграда) треба да зазема развивањето на еколошката свест и чувањето на работната средина во и надвор од училиштето
22.Своите административни потреби учениците ги остваруваат за време наголемиот одмор.
23.Не им се дозволува на учениците без посебна потреба влегување во наставничка канцеларија, кај Директорот во училиштето или во друга административна просторија.
24.Доколку наставникот отсуствува од наставниот час, претседателот на ученичката заедница на паралелката го известува помошникот на директорот кој презема активност да најдат соодветна замена (со друг наставник со кој учениците треба да имаат настава во работниот ден).
25. За време на големиот одмор дежурните наставници треба да бидат во холот на училиштето (таму каде што се распоредени да дежураат). Секоја неправилност што ќе се случи за време на неговото дежурство, дежурниот наставник е дожен да ја евидентира во книгата за дежурство и истата да ја пријави на помошникот на директорот.
26. Средбите родител-наставник се остваруваат во претходно утврдени термини, предложени од страна на наставниците. Раководителите на паралелката одредуваат ден и време за прием на родителите во текот на работната недела.
27.Изостанувањата учениците, нивните родители ги оправдуваат во рок од една недела.
Учениците во училиштето кои се истакнуваат со својата работа, успех и поведение, ќе бидат пофалени и наградени.
28. Пофалбите, дипломите на наградените ќе им бидат доделувани на крајот на наставната година.
29. Редот на часовите го одржува и за него одговара предметниот наставник. Учениците кои го нарушуваат редот на часот и кои не ги почитуваат упатствата на предметниот наставник и ја нарушуваат работната атмосфера на часот, се упатуваат кај стручната служба и помошниците на директорот.

30. За проблемите во врска со наставата или со остварување на нивните права и обврски, учениците прво разговараат и ги изнесуваат пред предметниот професор, потоа раководителот на паралелката, стручната служба, наставничкиот совет на паралелката, наставничкиот совет на годината и училиштето, како и пред Директорот.
33. Надворешните лица се упатуваат на бараното место во училиштето од страна на обезбедувањето на училиштето.

УЧИЛИШНА ПОЛИТИКА ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА НАСИЛСТВОТО ВО УЧИЛИШТЕТО

Општа цел

Средното училиште на Град Скопје "Цветан Димов" Скопје се залага училишната заедница да биде заедница каде сите ќе се чувствуваат добредојдени, безбедни и среќни, ќе можат да учат и да се развиваат.

Според програмските основи општата цел на училиштето е да им овозможи на учениците оптимален индивидуален развој во сообразност со нивните предиспозиции и возрасни карактеристики, развој на чувство на одговорност, свест за припадност на Република Северна Македонија, почитување на граѓанските права и обврски, толерантност, меѓусебно разбирање, почитување на основните слободи, правата на човекот и живеење во заедница, подготвеност за иницијативност и креативност, за брзо и соодветно реагирање на промените, негување на правилен физички развој и одговорност за сопствените постапки.

Насилството се одразува на овие наши заложби. Насилството прави да не се чувствуваме безбедно и среќно. Нашето училиште сериозно го третира проблемот на насилството. Сите вклучени во училишната заедница имаат одговорност да ја имплементираат оваа политика.

Цели на политиката

Да се развива ненасилна етика во училиштето

Да се настојува сите вработени, ученици и родители/старатели да знаат што е насилно однесување

Да се развиваат активности кои ќе го спречуваат насилното однесување

Развивање свесност за различните облици на насилство во училиштето.

Насилството е употреба на сила и моќ и предизвикува повреда и штета. Насилното однесување може да се случува во различни релации возрасен – дете, дете-дете, возрасен –возрасен. Под насилство во училиште се подразбира:

Физичко насилство каде може да дојде до полесни и потешки повреди (модринки, грбнатини, посекотини, оштетени алишта и сл).

Психичко насилство каде се повредуваат чувствата и достоинството на жртвата со заканување, навредување, изолирање и

сл.

Сексуални насилство (вознемирување - со вербални и невербални пораки злоставување и експлоатација)

Сајбер насилство - злоупотреба на современната технологија за испраќање и објавување навредливи слики или коментари, наведување на други да се предизвика насилство и др.

Булинг - меѓуврснички насилство кое вклучува форми на однесување со намера да се навреди другиот (озборување, изолација, потсмевање, навредливи прекари и др.)

Ефекти кои се јавуваат кај младите како резултат од насилно однесување се:

- Емоционални - повлеченост, незадоволство, одбивање да оди во училиште, одбивање да зборува за проблеми, немир, агресивност.
- Здравствени- губење на апетитот, болки во стомакот, главоболки, ноќно мокрење
- Образовни: проблеми со концентрација, отсуствување од училиште

Принципи на кои се темели политиката:

- Безбедноста и добросостојбата се една од главните одговорности на нашата училишна заедница
- Почитувањето е основна вредност која овозможува ненасилна комуникација и разрешување на конфликтите
- Ненасилството е единствен одговор кој го прекинува кругот на насилство
- Еднаквост и недискриминација - во нашето училиште сите ученици и вработени се еднакви и не смее да бидат подложени на било каков облик на дискриминација по ниту една основа.

Превенција на насилството

Во нашето училиште пристапот на превенција е преку едукација за препознавање на облиците на насилство да се овозможи развивање на различни социјални и комуникациски вештини и конструктивни начини на справување со проблемите и конфликтите. Тоа се постигнува преку следните сегменти:

- Негување на ненасилна комуникација
- Едукација за ненасилство преку медијаторство
- Јасни правила кои сите ги знаат и разбираат
- Идентификација на ученици со девијантно однесување
- Мапирање и развивање на мрежа на поддршка со релевантни институции и организации

Улоги и одговорности на сите засегнати страни кои во училиштето придонесуваат за намалување на насилството

- **Директор**

Улога	одговорност
Го следи процесот на пишување на политиката, акциониот	Одговорен за донесување на политиката, акциониот план и

план и училишниот протокол	училишниот протокол
Се залага за усвојување на политиката, акциониот план и училишниот протокол и ја следи имплементацијата на истите	Одговорен за доследно имплементирање на политиката, акциониот план и училишниот протокол
Поттикнува и преку својот пример ги истакнува вредностите и принципите на кои се заснова политиката	Одговорен за почитување на вредностите и принципите на политиката
Одлучува за тоа кои постапки ќе се применат за разрешување на случаите на насилство – во договор со субјектите вклучени во процесот на насилство	Одговорен за постапките кои се применуваат за разрешување на случаите на насилство
Одлучува кога ќе се иницира соработка со други институции и организации	Одговорен за воспоставување и одржување соработка со локалната заедница и релевантни институции

- **Персонал, обезбедувањето во училиштето**

Улога	одговорност
Активна улога во воспоставувањето на мерките за безбедност и примената на вредностите и принципите на кои се заснова политиката	Одговорни за почитувањето на мерките на безбедност и примената на вредностите и принципите на кои се заснова политиката
Примена на ненасилна комуникација и разрешување на конфликти	Одговорни за начинот на кој комуницираат со учениците, родителите и другите посетители во училиштето

- **Наставници**

Улога	Одговорност
Вклучени во процесот на изработка и донесување на политиката, акциониот план и училишниот протокол и нивна имплементација	Одговорност за имплементирање на политиката, акциониот план и училишниот протокол и одговорност за примената и почитувањето на принципите и вредностите во работата со учениците
Примена на ненасилна комуникација и разрешување на конфликти во својата работа	Одговорност за вклучувањето на ненасилството како вештина и одговор на насилството
Воспоставување правила, награди и мерки за корекција на однесувањето на своите часови	Одговорност за воспоставувањето и примената на правила, награди и мерки за корекција на однесувањето на своите часови
Ги вклучуваат учениците во активности кои промовираат ненасилство – превентивни активности	Одговорност за вклучувањето на учениците во активностите на училиштето

Воспоставување на соработка со родителите, информирање и вклучување на родителите во активностите на училиштето	Одговорност за вклучувањето на родителите во активностите на училиштето
Водење евиденција за ситуации на насилство	Одговорност за водење на евиденција за ситуации на насилство
Пренесување на добрите практики на своите колеги	Одговорност за пренесување на практиката на своите колеги (размену вање искуства)

- **Стручни соработници**

Улога	Одговорност
Вклучени во процесот на создавање политиката, акциониот план и училишниот протокол	Одговорни во процесот на создавањето на политиката, акциониот план и протоколот
Имплементација на политиката, акциониот план и училишниот протокол	Одговорни за имплементација на политиката, акциониот план и училишниот протокол
Примена на ненасилна комуникација и разрешување на конфликти во својата работа	Одговорни за примена на ненасилна комуникација и разрешување на конфликти во својата работа
Воспоставување на соработка со родителите, информирање и вклучување на родителите во активностите на училиштето	Одговорни за соработка со родителите
Соработка со други институции и организации за случаи на насилно однесување	Одговорни за соработката со други институции и организации за случаи на насилно однесување
Советување и примена на различни ненасилни методи за разрешување на ситуации на насилство	Одговорни за разрешувањето на ситуациите со насилство
Водење евиденција за случаите на насилство	Одговорни за евиденција за случаите на насилство

- **Ученици**

Улога	Одговорност
Придонесуваат во изработка на политиката, акциониот план и училишниот протокол	Одговорност за спроведување на принципите и вредностите на политката
Вклучени се во планирањето и реализацијата на активностите предвидени со акциониот план	Одговорнсот за примена на поставените училишни правила
Ги применуваат стекнатите знаења и вештини за ненасилство, ненасилна комуникација и разрешување на конфликти	Одговорност за своето однесување и комуникација со соученциите и возрасните
Се вклучуваат во проекти, врсничката поддршка и сл.	Одговорност за своето однесување и комуникација со

	соученциите и возрасните

- **Родители**

Улога	Одговорност
Соработуваат и се вклучуваат во изработка на политиката, акциониот план и училишниот протокол	Одговорни се во изработката на политиката, акциониот план и училишниот протокол но и одговорност за однесувањето на нивното дете
Соработуваат и се вклучуваат во активностите на училиштето во однос на насилството	Одговорност за вклучување во активностите на училиштето
Соработуваат со наставниците, стручните соработници и директорот во училиштето	Одговорност за придржувањето кон правилата во училиштето и прифаќање на принципите за ненасилство и ненасилно разрешување конфликти Одговорни за својата вклученост и информираност за однесувањето и постигнувањата на детето во училиштето

- **Локална заедница**

Улога	Одговорност
Поддршка и вклучување во имплементација на политиката, акциониот план и училишниот протокол	Одговорна за следење на имплементацијата на политиката, акциониот план и училишниот протокол

Награди кои се користат за да се поттикне намалување на насилството

Раководителите на паралелките со свои начини на наградување ќе ги поттикнуваат учениците да ги следат добрите примери за ненасилство во своите класови во договор со учениците и родителите на родителските средби. На крајот на наставната година раководителите на паралелките пред Наставничкиот совет ќе ги истакнуваат оние ученици кои со своето однесување и постапки најмногу придонесуваат за почитување и примена на принципите и вредностите на училиштето. Учениците кои посебно се истакнуваат со своето учество на училишни проекти ќе им бидат дадени пофалници и сл.

Санкции и корективни механизми за намалување на насилството

Санкциите се изрекуваат во согласност со Правилникот за изрекување на педагошки мерки.

Поддршка за учениците

Поддршката на учениците е еден од најважните сегменти во превенцијата на насилното однесување. Поддршката на учениците во нашето училиште ја дава првенствено раководителот преку континуирано следење на однесувањето на учениците со цел да се спречи евентуално постоење на булниг. Потоа во соработка со стручната служба се одлучува за

дополнителна поддршка на учениците преку вклучување во одредени активности или проекти за стекнување и развивање на социјални и комуникациски вештини, вештини за разрешување на конфликти и емоционална писменост.

Поддршка на наставниците

Поддршката на наставниците ќе ја овозможуваме преку систем на споделување на добри практики во самото училиште. Системот на споделување добри практики подразбира средби на активите во текот на годината на кои меѓудругото ќе се разговара за позитивните искуства и постигнатите резултати во справувањето со насилството, агресијата и други проблеми поврзани со однесувањето. На овие средби стручните соработници ќе може да презентираат методи на справување со емоциите или други ефикасни примери за справување со насилството, техники на опуштање, емоционална писменост и сл. или наставници кои поминале слични обуки да ги пренесат на колегите.

Како дополнителна поддршка на наставниците училиштето бара обуки за наставниците кои може да помогнат во справувањето на насилството.

Соработка и вклучување на родителите

Родителите се најважните соработници и партнери во заложбата за намалување на насилството во училиштата. Затоа сите сме насочени кон воспоставување, одржување и подобрување на соработката со родителите. Родителите на родителските средби редовно ќе се информираат за сите активности и процеси кои ќе се реализираат во училиштето, ќе се бара нивното мислење и учество.

Пристапот кон родителите е пристап како кон соработници и насочен кон разрешување на проблемите со цел да се надмине завземањето страни и јазот помеѓу училиштето и родителите. Родителите се вклучени во процес на советување доколку директорот и стручната служба одлучат дека тоа е потребно за да се овозможи напредување на постигнувањата и однесувањето на ученикот.

Според измените на Законот за средно образование, родителите на учениците со асоцијално однесување имаат задолжително минимум два пати родителските состаноци со стручната служба, на кои се реализираат работилници поврзани со родителството, воспитувањето и превенцијата на насилното однесување во училиштето.

Родителите, преку Советот на родители исто така учествуваат во донесувањето одлуки за воспоставување на сите мерки на безбедност и планирањето на активностите за превенција односно во изработката на акционите планови на училиштето.

Поддршка на стручната служба

Како еден од главните носители на активностите и одговорноста на училиштето за унапредување на безбедноста, стручните соработници мора да имаат перманентна поддршка во форма на обуки, стручна литература, соработка со релевантни институции и сл.

Следење и евалуација на политиката

Следењето и евалуацијата на оваа политика е составен дел на процесот за самоевалуација. Ќе се води документација и евиденција за сите активности кои се реализираат во текот на учебната година и два пати во текот на годината се организираат состаноци за намалување на насилството за следење на имплементацијата на политиката.

ПРОТОКОЛ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ПОСТАПУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА НАСИЛСТВО

Протоколот е изработен во рамки на проектот „Не!Насилство“ имплементиран од Здружение Лидери за едукација, активизам и развој, во соработка со 10 средни училишта од Скопје, а со поддршка од Агенцијата за млади и спорт на РСМ.

Проектот има за цел зголемување на безбедноста, а намалување на насилството во средните училишта, преку изработка на унифициран протокол за спречување и постапување во случај на насилство.

Цели:

Овој документ има за цел да едуцира и креира безбедна средина за сите, во која ќе се чувствуваат добредојдени, безбедни и ќе можат да ги уживаат своите човекови права и исполнат својот потенцијал креирајќи еднакви можности за сите. Дополнително, целта на овој документ е во случај на потреба за постапување да го дефинира постапувањето и реакцијата во случај на насилство, да работи на реинтеграција на жртвите и насилниците и да ја поткрене свесноста на сите засегнати страни во училиштата за насилство и да ја унапреди безбедноста промовирајќи безбедна средина за сите.

За кого е наменет овој протокол и на кого ќе му служи?

Овој документ е наменет за сите засегнати страни во училиштето. Во нив припаѓаат учениците, родителите/старателите, училишниот одбор, директорот, членовите на различните училишнии стручни активи, наставниците, стручните служби и останатите вработени кои на некаков начин имаат активна улога во различните процеси во училишната средина. Овој документ ги вклучува преку соработка и сите релевантни институции кои работат на превенција и заштита од насилство.

Информирање

Овој документ училиштето го поставува на веб страната на училиштето и други видливи места во самото училиште со цел да биде јавно достапен и видлив за сите засегнати страни. Дополнително училиштето презема обврска истиот на електронски начин, па потоа и со физичка копија да го достави до своите вработени (вклучувајќи ги сите лица и позиции) и минимум два пати годишно спроведува информативни презентации/работилници за протоколот за своите вработени. Училиштето се обврзува минимум двапати годишно, овој протокол да го презентира на учениците во сите училишни години преку

организација на информативни презентации/работилници за протоколот. Со цел поголема информираност за овој протокол во рамки на училиштето и помеѓу учениците, кратка верзија од 2 страни од овој документ ќе биде поставена во секоја училна во училиштето. Дополнително, училиштето има за задача да ги запознае надворешните соработници и другите лица кои во некоја улога имаат учество во различните случувања во училиштето за постоењето и примената на овој протокол. Училиштето по потреба организира дополнителни активности заедно со учениците за промоција и информирање за постоењето на овој протокол како предавања, кампањи, дебати и слично.

Предлог информативно едукативни активности кои училиштето може да ги спроведе со цел превенција и едукација за насилство:

- Информативно/едукативни работилници и презентации за насилство;
- Информативно/едукативни работилници и презентации за човекови права;
- Информативно/едукативни работилници и презентации за безбедно користење на информациско комуникациски технологии и алатки вклучувајќи и безбедност на интернет;
- Информативно/едукативни работилници и презентации за правото на приватност и лични податоци;
- Организирање на сесии за поддршка и охрабрување на лица во ризик, жртви, насилници и сведоци во случај на насилство;
- Организирање на меѓукласни активности (натпревари, дополнителни активности, дискусии);
- Организирање на воннаставни активности поврзани со спорт и соработка.

*** Во случај кога училиштето има сомнеж/сознание за насилство со лица поврзани со друго училиште, во насока на превенција и информирање, стручните служби имаат обврска да стапат во контакт со другите училишта и да го адресираат својот сомнеж/сознание.

Вредности и прнципи кои се почитуваат и негуваат со овој протокол:

Најдобар интерес на детето , Почитување на различностите и забрана за дискриминација , Почитување на правото на самоопределување, Партиципативност, Приватност, Доверливост, Жртвата не е виновна, Пропорционалност, Информираност, Стручност и одговорност, Должно внимание, Забрана за непотизам и корупција

Видови насилство и улоги

Што е насилство? Преземање активност со која намерно/планирано се нанесува повреда на едно или повеќе лица со употреба на зборови, покажување физичка надмоќ, вербална агресија, социјално изолирање/отуѓување и/или употреба на закана со цел да се нанесе штета и постави другото лице/лица во подредена состојба.

Видови насилство:

-Физичко насилство Физичко насилство претставува активност каде се употребува физичка сила (со или без дополнителни средства/предмети) и директно е насочено кон физичкото тело на лицето со цел да се предизвика болка и покаже надмоќ. Истото вклучува: физичко удирање, малтретирање и казнување.

- Психичко, вербално и емоционално насилство Психичко насилство, вербално и емоционално насилство се карактеризираат со сплет на активности каде се пристапува кон психолошко малтретирање, употреба на вербална насилна комуникација и емоцонална злоупотреба со цел да се предизвика психолошка болка и покаже надмоќ. Истото вклучува: употреба на погрдни зборови, вербални пораки, заплашување, закани и искористување, етикетирање, навредување, ограничување на движењето и уцена со цел да се постави лицето во потценатa позиција.

- Социјално насилство Социјално насилство претставува акт на одвојување на лицето од групата, поставување во нерамноправна позиција врз основа на различност, игнорирање и отфрлување.

- Врсничко насилство (булинг) Врсничко насилство е збир на намерни непосакувани акции и дејствија, поттикнување на непријателска околина со цел да се повреди или создаде непријатност кај некое лице. Врсничкото насилство може да е пропратено со елементи на физичкото, психолошко, сајбер, емоционално и останатите видови на насилство.

-Насилство од омраза Сите видови и форми на насилство може да се мотивирани од насилство од омраза односно предрасуди поврзани со карактеристика на некоја личност, лицата поврзани со тоа лице, припадност или други основи.

- Сајбер насилство Сајбер насилство претставува вид на вознемирување и директни акти на насилство преку користење на информациско-комуникациски алатки и технологии како што се мобилните телефони, компјутерите и интернет. Сите дејствија како размена на фотографии и видео клипови, праќање на пораки (е-маил, смс, чет), директна/индиректна размена и објава на информации со сензитивен карактер за некое лице, креирање на лажни профили и други дејствија без претходно директна дадена согласност, поттикнување и реализација на насилство преку социјални мрежи се вбројуваат како елементи на сајбер насилство.

- Сексуално насилство Сексуално насилство претставува физичко, вербално или симболичко однесување од сексуална природа со кое лицето сексуално се вознемирува, навредува или приморува на однесувања со сексуална содржина кои не ги сака, не ги разбира, не може или нема дадено согласност. Сексуалното насилство вклучува: потткнување и присила за сексуална активност, злоупотреба на лицето и креирање небезбеден простор, употреба и дистрибуција на аудио и визуелни материјали.

-Родово базирано насилство Родово базирано насилство е сплет на форми на сексуално, физичко и/или психолошко насилство како последица на општествено креираните родови норми и стереотипи и нееднаква дистрибуција на моќ помеѓу општествените позиции на мажите и жените во општеството. Родово базираното насилство се карактеризира со: партнерско насилство во интимните врски на лицата, контрола и поставување на забрани, уцена и изолирање.

- Спортско насилство Под спортско насилство се вбројува насилство за време на сите спортски активности во и вон училишните локации без ограничување на вклученоста на индивидуата. Дејсвтвијата како дофрлување на пораки кои предизвикуваат и поттикнуваат омраза или насилство врз основа на расна, национална и верска припадност или врз основа на други особини; фрлање предмети во спортскиот терен или во гледалиштето; палење и фрлање на пиротехнички средства; повикување, поттикнување и учествување во тепачка или физички напад на спортисти, ледачи, редари, службени лица;

физичка пресметка меѓу учесниците на спортските натпревари; влегување во спортскиот терен од страна на гледачите; оштетување или уништување на спортскиот инвентар и други делови од објектот каде се случува настанот.

- Семејно насилство Под семејно насилство се смета однесување на член на семејството кој со примена на сила, закана и заплашување врши телесни повреди, емоционална или сексуална злоупотреба и материјално, сексуално или работно искористување на друг член на семејството. *** Во случај на сомнеж/сознание за семејно насилство, истото веднаш се адресира до стручните служби за понатамошно постапување согласно законските регулативи.

Улоги:

● Жртва/и - Секоја/сите личност/и за која/кои училиштето има сознанија или се сомнева дека доживеал/е или во моментот доживува/ат насилство;

● Насилник/ци - Секоја/сите личност/и за која/кои училиштето има сознанија или за која/кои постојат основни сомненија дека сторил/е насилство;

● Сведок/ци - Секоја/сите личност/и која/кои лично посведочила/ле или има/ат сознанија дека некоја друга личност/група доживеала/ле насилство.

Постапување

1. Сознание за насилство, препознавање и пријавување на насилство

Секое лице кое е во или вон училиштето и има сознание за насилство кон лица од училиштето има обврска истото да го пријави кај контакт лицата за насилство во училиштето……..(да се наведе контакт лице/лица) или кај вработените во училиштето (дежурен наставник, помошник директор, директор, стручна служба, класен раководител, наставник, технички персонал, лице од обезбедување).

● Во случај кога сомнежот е споделен со вработен истиот има обврска да ги исконтактира контакт лицата и заедно да одредат можни заштитни мерки.

● Во случај кога сомнежот е споделен со врсник (ученик-ученик) или друго лице од доверба, лицето кое има сознание има обврска да исконтактира вработен или да ги исконтактира контакт лицата во училиштето.

● Сите вработени, директорот, стручните служби, наставниците имаат обврска и се должни секојдневно да забележуваат дали има ризик за случување на насилство, дали се случува насилство, дали некој ученик е жртва на насилство или дали некој ученик се однесува насилно.

● Во случај кога вработените ќе забележат однесување или состојби кои покажуваат на насилство, имаат за обврска да ги известат контакт лицата/стручните служби, класниот раководител или друг наставник кој има воспоставено комуникација со учениците засегнати од насилството кои понатаму ќе продолжат со набљудување на состојбата или ќе работат на воспоставување заштитни мерки.

● Во случај кога ученикот жртва пријавува насилство кај вработен во училиштето, треба да се земе предвид дека лицето му верува на тој вработен и истиот треба да продолжи да биде вклучен во процесот, при креирање на мерките за заштита и да

одржува редовна комуникација со лицето жртва. *** Со цел обезбедување на безбеден канал за пријавување на насилство или сомнеж, училиштата воспоставуваат онлајн канал за пријавување на насилство (форма) и до податоците од истиот имаат пристап само контакт лицата/стручните служби. Оваа форма е достапна на …… (да се додаде скратен линк или појаснување каде може да се најде формата) Вработените во училиштето, внимаваат на можни знаци на насилство кои може да се појават, на физички, физиолошки, емоционален план кај учениците, и во случај на сомнеж истиот имаат за обврска да го споделат со контакт лицата/стручните служби.

2. Запирање на насилството

Сите вработени во училиштето кои имаат информација или самите биле сведоци на случувањето имаат обврска да го запрат насилството. ● Учениците имаат за задача да ги информираат вработените и не се препорачува тие да го сопрат насилството за да не се стават себе во ризик.

● Контакт лицата се известуваат за настанот и согласно моменталната проценка, доколку се работи за посериозна форма се повикува обезбедувањето.

● По потреба се повикува полиција како одговорна инситуција за одржување на јавната безбедност, ред и мир.

3. Обезбедување на безбедна средина и смирување на ситуацијата

Откако насилството е прекинато, вработените преземаат соодветни мерки за смирување на ситуацијата.

● Вработениот кој го прекинал насилството го информира и го вклучува контакт лицето за пријавување на насилство.

● Контакт лицето проценува зависно од околностите на случајот, дали ќе вклучи одредени наставници, стручни соработници, директор, родители, претставници од други релевантни институции како: здравствени и советодавни институции, полиција, центар за социјална работа и други.

● Со цел да се обезбеди безбедна средина и да се смири ситуацијата потребно е да се добијат информации за причините и факторите кои довеле до насилството, да се утврди кој сè бил вмешан во насилството, колку време траело, дали се повторувало и други релеванти информации кои согласно проценката на стручните лица се потребни. Овие разговори (интервјуа) ги водат контакт лицата/стручните служби.

● Се разговора со сите ученици вмешани во насилството, ученикот жртва, ученикот сторител и учениците набљудувачи, по потреба и со учениците кои може да бидат медијатори (доколку ги има такви на располагање). Разговорите со учениците се одвиваат одвоено и разговорите продолжуваат се додека има потреба согласно проценка на стручните лица.

*** Во текот на консултациите и целиот процес во училиштето или надвор од истото се почитува принципот на доверливост, како и принципот на заштита на најдобриот интерес на детето.

*** Важен концепт кој треба да се земе предвид при обезбедување на безбедна средина е да се осигрура дека нема двојна виктимизација врз жртвата.

4. Евидентирање, едукација, трансформација и следење

Со цел соодветно следење на случајот и трансофрмација, истиот се: евидентира и трансформира. Стручните служби во училиштата работат на едукација со сите вклучени страни во случајот и по потреба и сите засегнати страни кои не директно учествувале во овој случај. Во зависност од сложеноста на ситуацијата, консултациите можат да се вршат и со служби надвор од училиштето: ЦСР, Здравствена установа, МВР и други.

*** Согласно проценката на контакт лицето/стручните служби, се изработува план за едукација и трансофрмација кој има за цел да работи на едукација и трансофрмација со насилникот/ците, и да пружи заштита и поддршка на жртвата/ите со цел повторна реинтеграција. Ова претставува можност за креирање на безбедна средина за сите каде секоја индивидуа ќе може да биде во добро здравје и да го исполни својот потенцијал со цел да оствари квлитетен живот и да живее во добросостојба.

Формулари за адресирање на насилство, евиденција и евалуација на постапување во случај.

Адресирање

Адресирањето (пријавувањето) на насилството во училиштето може да се направи со пријава кај вработените/ одговорните лица/ контакт лицата/ стручните служби во училиштето, преку анонимно сандаче поставено во рамки на училишната зграда или пак онлајн преку анонимна форма достапна на следниот линк ---------- (да се додаде линк). Со цел соодветно адресирање и постапување, лицата кој пријавуваат настан имаат обврска да дадат точни и вистинити информации со цел надлежните лица да имаат минимум потребни информации и да можат да извршат проверка и верификација на настанот.

Училиштето ја креира следната форма за адресирање на насилство:

● Податоци за лицето кое пријавува (доколку сака да го сподели својот идентитет) Потребен сет на информации: Име и презиме, улога (ученик/вработен/друго), поле за контакт информации (се заокружува/избира дали станува збор за формулар за сомнеж или за настан кој веќе се има случено)

1. Формулар за настан - Формуларот да се состои од краток опис на инцидентот и лицата вклучени во истиот. Потребен сет на информации: место на случување на настанот, време и датум на случување (период кога се случило), учесници во настанот (насилници и жртви), други сведоци/присутни, краток опис на случката, причина за случката/настанот (доколку се знае).

2. Формулар за сомнеж за настан - Формуларот да се состои од краток опис поврзан со сомнежот Потребен сет на информации: краток опис за сомнежот, инволвирани лица, каде припаѓаат тие лица/ученици (во кое училиште, паралелка), место и време на одвивање на потенцијалниот настан, на што се заснова сомнежот.

*** На крајот од формуларот да се наведува порака со цел да се поттикнат лицата кои пријавуваат доколку сакаат да се обратат директно на службите одговорни за справување со насилство.

Евиденција

Училиштето има обврска да води прецизна и редовна евиденција во однос на пријави за сомневање или настан/и. Во формуларот за евиденција училиштето ги евидентира следниот сет на информации:

Место и време, вид насилство, кој го откри/пријави случајот, колку вклучени учесници има (податоци за учесниците), дали вклучените лица се од самото училиште или има лица и надвор од училиштето вклучени, потреба да се вклучат надворешни

институции (МВР, ЦСР, здравствени и др. институции), дали се случува прв пат или се повторува делото и други дополнителни информации.

Училиштата имаат обврска за водење план за работа со сите лица вклучени во инцидентот, видови интервенции кои се преземаат, предлог-мерки за заштита на жртвата, начини на следење на спроведените мерки/интервенции и други релевантни информации. **Евалуација**

Со цел соодветна проценка и евалуација на ефикасноста на работата на училиштето во насока на примена на овој протокол, превенција и постапување во случај на насилство, училиштето прави евалуација на својата работа. Истата се спроведува во две области:

1. Проценка на ефикасноста на преземените планови и спроведените мерки за работа во случај на постапување по сомнеж/настан на насилство преку форма која ги содржи следните прашања: - Дали насилството е прекинато? - Дали насилството е смирено? - Каква е состојбата на жртвата/те? - Каква е состојбата на насилникот/те? - Каква е состојбата на околината? - Дали и какви дополнителни интервенции се потребни?
2. Проценка на ефикасноста во насока на превенција од насилство Оваа форма се состои од прашања за проценка на информираноста за постоењето на овој протокол и неговата примена во училиштето преку следните прашања: - Дали сте запознаени за постоењеото на протокол за спречување и постапување во случај на насилство во училиштето?; - Дали сте посецтиле презентација/работилница за протоколот за спречување и постапување во случај на насилство во училиштето?; - Дали доколку се организираат дополнителни активности поврзани со за спречување и постапување во случај на насилство во училиштето би учествувале?; - Што може училиштето да направи повеќе за да ги информира учениците за протоколот?; - Дали досега сте биле вклучени во настан поврзан со насилство?; - Доколку да, дали училиштето постапуваше во случајот?; - Доколку да, што направи?; - Доколку не постапуваше, што можеше да направи?; - Дополнителни коментари.

Протокол за спречување и постапување во случај на насилство

СКРАТЕНА ВЕРЗИЈА

Почитувани ученици, Со цел да се чувствувате добредојдено и безбедно во училиштето сакаме да ве известиме дека во нашето училиште имаме Протокол за спречување и постапување во случај на насилство. Овој документ има за цел да едуцира и креира безбедна средина за сите, во која сите ќе се чувствуваат добредојдени, безбедни и ќе можат да ги уживаат своите човекови права и исполнат својот потенцијал креирајќи еднакви можности за сите. Дополнително, овој протокол го дефинира постапувањето и реакцијата во случај на насилство и истиот ќе ни послужи при едукација, постапување и реинтеграција на сите засегнати страни од насилство во училиштето преку реализација на различни активности во текот на училишната година.

Да се информираме и едуцираме

Што е насилство?

Преземање активност со која намерно/планирано се нанесува повреда на едно или повеќе лица со употреба на зборови, покажување физичка надмоќ, вербална агресија, социјално изолирање/отуѓување и/или употреба на закана со цел да се нанесе штета и постави другото лице/лица во подредена состојба.

Видови на насилство:

● Физичко насилство ● Психичко, вербално и емоционално насилство ● Социјално насилство ● Врсничко насилство (булинг) ● Насилство од омраза ● Сајбер насилство ● Сексуално насилство ● Родово базирано насилство ● Спортско насилство Во случај на насилство, сите имаме своја улога и можеме да ја препознаеме ● Жртва/и - Секоја/сите личност/и за која/кои училиштето има сознанија или се сомнева дека доживеал/е или во моментот доживува/ат насилство; ● Насилник/ци - Секоја/сите личност/и за која/кои училиштето има сознанија или за која/кои постојат основни сомненија дека сторил/е насилство; ● Сведок/ци - Секоја/сите личност/и која/кои лично посведочила/ле или има/ат сознанија дека некоја друга личност/група доживеала/ле насилство.

Безбедноста на сите е на прво место

Кога имаме сознание за насилство и/или препознаеме насилство имаме обврска настанот да го адресираме/пријавиме → Секое лице кое е во или вон училиштето и има сознание за насилство кон лица од училиштето има обврска истото да го пријави кај контакт лицата за насилство во училиштето…….(да се наведе контакт лице/лица) или кај вработените во училиштето (дежурен наставник, помошник директор, директор, стручна служба, класен раководител, наставник, технички персонал, лице од обезбедување).

Чувствувајте се пријатно да пристапите до стручните служби за разговор доколку не се чувствувате безбедно, тие се во ваша служба и се тука за вас.

Како да реагирам во случај на насилство?

Во случај кога вие сте присутни на местото каде се случува насилство, имате обврска веднаш да го известите контакт лицето или вработените од училиштето со цел насилството да биде прекинато.

*** Важно е да не се ставите себе си во ризик. Возрасните во училиштето се вашата „прва помош“ во случај на насилство.

● Ако имате имате сомнеж/информација дека се случува насилство истото имате обврска да го адресирате до контакт лицата или вработените во училиштето за соодветно постапување со цел креирање на безбедна средина за сите.

● Доколку некој од соучениците сподели информација со вас поврзана со насилство, со цел најсоодветна реакција и креирање безбедна средина, известете ги контакт лицата/стручните служби.

*** Доколку сакате да останете анонимни или не се чувствувате безбедно да директно го пријавите вашиот сомнеж/настан/информација поврзана со насилство истото можете да го направите онлајн преку пополнување на форма достапна на следниот линк (да се вметне линк).

Важно е да се знае

● Сите треба да знаеме што е насилство и да сме свесни за нашите акции, кои улоги ги имаме, што правиме и како тоа влијае на лицата околу нас.

● Сите имаме обврска да пријавиме сомнеж/информација/настан поврзан со насилство во и во училиште со цел да се заштитиме себе и нашите врсници кај контакт лицата, вработените или преку онлајн формата достапна на следниот линк (да се вметне линк).

● Безбедноста е приоритет за сите. Возрасните во училиштето се вашата „прва помош“ во случај на насилство.

● Стручните служби во училиштето (педагогот/психологот) се тука за вас и работат во најдобар интерес за безбедноста на сите.

*** Почитувањето и примената на овој протокол се клучни за креирање на безбедна средина за сите во која секое лице ќе е добредојдено и ќе се чувствува безбедно. Целносната верзија на овој протокол е достапна на веб страната на училиштето. За сите прашања поврзани со овој протокол можете да се обратите до стручните служби во секое време.

ПЛАН НА АКТИВНОСТИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЕКОЛОШКАТА ПРОГРАМА Учебна 2023/24 година

Цели на проектот во училиштето:

- Рационална употреба на енергијата;
- Рационална употреба на водата;
- Намалување на отпадот;
- Промена на навиките;

Задачи на еко одборот за постигнување на целите:

- Да се запознае со темите енергија, вода и отпад (предавања);
- Да одржи едукација на темите за целото училиште;
- Да изработи материјали за едукативни кампањи за училиштето (постери и налепници);
- Да организира настани по повод одбележување на еколошки денови за подигање на јавната свест;
- Да изврши почетно снимање на состојбата на темите енергија, вода и отпад во училиштето;
- Да креира активности (проекти) што ќе доведат до подобрување на состојбата;
- Да го мониторира изведувањето на проектите и подобрувањето на состојбата во училиштето;

Планирана активност (содржина)	Цели	Реализатор	Форми	Време	Извори (ресурси)	Очекувани ефекти
Обновување на Еко одбор во училиштето и донесување на програма за работа	Активирање на учениците и наставниците во реализирањето на проектот	Наставници, ученици	Групна, индивидуална	Септември	Програма за работа	Зголемување на личната одговорност, подигање на еко-свеста
Информација за Советот на родители за активностите на Еко училиште	Активирање на родителите во реализирањето на проектот	Наставници	Фронтална индивидуална	Октомври	Програма за работа презентации	Зголемување на личната одговорност, подигање на еко-свеста кај родителите
Воведни предавања за енергија, отпад, вода, транспорт	Запознавање на учениците со дадените теми	Наставници	фронтална	Октомври	Програма за работа, предавања,	Подигање на еко свеста, подготвеност за идните активности

					слики;	
Месечен извештај за спроведените активности, поставување на цели и планирање на активности за наредниот месец	Согледување на успешноста на реализираните активности	Наставници, ученици	Групна, индивидуална	Еднаш месечно во периодот од октомври до јуни	Програма за работа, извештаи, записници	Успешна реализација на програмата за работа
Изработка на постери и налепници за кампања во училиштето	Укажување на учениците и наставниците за постоечките еколошки проблеми	Наставници, ученици	Групна, индивидуална	Ноември	Програма за работа, списанија, слики, интернет	Зголемување на личната одговорност за зачувување на животната средина
Запознавање со методологијата за снимање на состојбата во училиштето во врска со создавањето на отпад, потрошувачката на енергија и вода, (анкетирање, интервјуирање…)	Едуцирање на учениците за проценка на тековната состојба во училиштето и за спроведување на анкети и интервјуа	Наставници	Фронтална	Ноември	Програма за работа	Подготвеност за снимање на тековната состојба
Спроведување на анкетите и интервјуа	Проценување на моменталната состојба во училиштето	Наставници, ученици	Групна, индивидуална	Ноември	Анкетни листови, прашалници	Сознанија за моменталната состојба во училиштето
Снимање на тековната	Согледување на	Наставници,	Групна,	Октомври-	Фотоапарат,	Континуирано следење

состојба во училиштето во врска со создавањето на отпад, потрошувачката на енергија и вода,	состојбата со создавањето на отпад, потрошувачката на вода и енергија	ученици	индивидуа лна	Јуни	апарат за мерење на потрошувач ка на струја, дневник за работа	на промените на состојбата со отпадот, енергијата, водата, транспортот
Анализа на спроведените анкети и интервјуа	Проценување на моменталната состојба во училиштето	Наставници, ученици	Групна, индивидуа лна	Декември	Анкетни листови, прашалници	Сознанија за моменталната состојба во училиштето
Изработка на проекти за рационално трошење на енергија, вода, намалување на отпад	Подобрување на состојбата во училиштето и подигање на еколошката свест	Наставници, ученици	Групна	Декември	Извештаи од анкетите, интервјуата, слики, резултатиод извршените мерења сметки за вода и струја	Рационална употреба на енергија и вода, намалување на отпад
Ажурирање на веб страна	Информирање за еколошките активности во и надвор од училиштето	Вулнет Рецепи, ученици	Индивидуа лна, групна	Февруари	Интернет, Лични творби - ликовни и литературни извештаи, слики	Промовирање на грижливо однесување кон животната средина, подигање на еко свеста
Подготовка и едукација на	Подобрување на	Наставници,	Фронтална	Февруари,	Предавање	Подигање на

останатите ученици во училиштето	однесувањето на учениците	ученици		Март		еколошката свест, зголемување на личната одговорност
Одбележување на деновите од еколошкиот календар	Еколошка едукација на учениците и пошироката заедница	Наставници, ученици	Групна	Март, Мај	Лични творби, предавања	Подигање на еколошката свест, зголемување на личната одговорност
Вклучување на Полициската станица, Водовод и канализација, и Комунална хигиена во училишните еко активности	Соработка со институциите во пошироката заедница	Наставници, ученици, претставници од институции	Групна	Октомври, Декември, Март, Мај	Инфомативен материјал, прибор за работа	Поддршка од страна на заедницата, подигање на јавната свест
Изработка на портфолио	Промовирање на резултатите	Наставници, ученици	Групна	Јуни	Материјалите од работата, записници, слики,	Подигање на еколошката свест

Одговорен наставник: Вулнет Реџепи

ПРОГРАМА „ИНТЕГРАЦИЈА НА ЕКОЛОШКАТА ЕДУКАЦИЈА ВО МАКЕДОНСКИОТ ОБРАЗОВЕН СИСТЕМ“

Во наставата ќе биде интегрирана еколошка едукација. Наставниците во своите годишни планирања ќе имаат 4 наставни часа посветени на екологијата, односно 4 недели. Имено, првите недели на октомви, декември, февруари и март, ќе бидат недели посветени на екологијата. Сите наставници во рамките на својот наставен предмет по еден час во паралелките во кои предаваат ќе реализираат интеграција на еколошка едукација, односно ќе ја реализираат Програмата “Интеграција на еколошка едукација во македонскиот образовен систем.

Ќе бидат опфатени точки на акција од сите 4 еко-стандарди.

I ЕКО-СТАНДАРД: ЗАШТЕДА НА ЕНЕРГИЈА

Полиса: Рационално користење на електричната и топлинската енергија во училишната зграда.

Цел: Намалување на потрошувачката на електрична и топлинската енергија за 10% во споредба со претходната година.

Одбрани точки на акција:

-План за намалена потрошувачка на изворите за греење (дрво, нафта и слично) - рационално користење и планирање на изворите за греење.

-Истакнување на упатства за рационално користење на електрична и топлинска енергија.

-Формирање на еко-патроли (група на ученици, односно деца) вклучени во реализација на точките на акција, кои ќе го следат, надгледуваат и контролираат процесот на имплементација на овие активности

II ЕКО-СТАНДАРД: ЗАШТЕДА НА ВОДА

Полиса: Рационално користење на водата во училишната зграда и двор.

Цел: Намалување на потрошувачката на вода за 10% во споредба со претходната година.

Одбрани точки на акција:

-Анализа на состојбата на водоводната инсталација (цевки, славини, казанчиња и слично).

-Истакнување на упатства за рационално користење на водата.

-Формирање на еко-патроли (група на ученици, односно деца) вклучени во реализација на точките на акција, кои ќе го следат, надгледуваат и го контролираат процесот на имплементација на овие активности.

III ЕКО-СТАНДАРД: ОДРЖУВАЊЕ НА ЗГРАДАТА И ЗДРАВА СРЕДИНА ВО УЧИЛИШТЕТО

Полиса: Здрава и чиста внатрешна средина за учење и работење.

Цел: Обезбедување на здрави услови за учење и работење во училиштето.

Одбрани точки на акција:

-Разубавување на ходниците, канцеларииите и училниците со цвеќиња.

-Истакнување на упатства за одржување на зграда и здрава средина во училиштето во сите простории.
-Формирање на еко-патроли (група на ученици, односно деца) вклучени во реализација на точките на акција, кои ќе го следат, надгледуваат и ќе го контролираат процесот на имплементација на овие активности.

IV ЕКО-СТАНДАРД: УРЕДЕН И ЕКОЛОШКИ ДВОР

Полиса: Уреден и функционален двор кој е во согласност со потребите за заштита на животната средина.
Цел: Функционално уреден двор според сите еколошки параметри на начин на кој максимално ќе користи за потребите на сите кои престојуваат во училиштето.
Одбрани точки на акција:
-Садење на локални цвеќиња.
-Истакнување на упатства за одржување на дворот.
-Формирање на еко-патроли (група на ученици, односно деца) вклучени во реализација на точките на акција, кои ќе го следат, надгледуваат и ќе го контролираат процесот на имплементација на овие активности.

АКЦИОНЕН ПЛАН НА АКТИВНОСТИ ЗА МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА НА МЛАДИТЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

Очекуван резултат 1. Меѓуетничката интеграција е составен дел од Годишната програма за работа на училиштето					
Опис на активноста	Одговорни институции	Временска рамка	Индикатори	Ресурси	Поддршка и следење
1.1 Инкорпорирање на активностите од МИО во Годишните планирања на активите, во Програмата на Младинската организација	Активи СИТ-от на училиштето	Август 2023	Подобрување на меѓуетничката комуникација	Планирање на нагледни средства со кои располага училиштето	Директор Стручна служба
1.2 Работилници кои опфаќаат теми кои ја поттикнуваат толеранцијата, соработката и надминување на стереотипите во однос на различни национални и културни заедници кои живеат во Република Северна Македонија	Училиштето СИТ-от на училиштето	Во текот на цела година	Надминување на меѓусебните недоразбирања со толеранција и почит	Човечки и материјални	Директор Стручна служба СИТ на училиштето
1.3 Мултикултурни и интеркултурни работилници, работилници за демократска партиципација, човекови права, права на детето, мировно образование	Училиштето СИТ на училиштето	Во текот на цела година	Подготовки за работ, реализирани работил, извештаи,фотографии, евалуациски листи	Човечки и материјални	Директор Стручна служба СИТ на училиштето
1.4 Организирани посети на групи ученици на значајни културни и историски места и објекти, настани и манифестации	Училиштето	Во текот на цела година	Извештаи, фотографии	Човечки и финансиски	Директор Стручна служба СИТ на училиш.
1.5 Аплицирање, планирање и реализација на соработка со партнер училиште	Тим за соработка	Во текот на цела година	Вклученост на учениците и развивањев на нивните	Средства во рамки на проектот за соработка	Директор Стручна служба

			комуникациски вештини		
1.6 Реализација на активности за промоција на училиштето	Училиштето СИТ-от на училиштето	Во текот на цела година	Запознавање на ОУ, заедницата и сите заинтересирани субјекти со работата на училиштето	Помагала со кои располага училиштето	Директор и стручна служба
Очекуван резултат 2: Учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат во различни манифестации и на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно или на меѓународно ниво. Учениците работат на проекти и покренуваат иницијативи од еколошка природа. Училиштето за афирмирање на воннаставните активности соодветно ги користи различните медиуми (пр. интернет-страница, социјални мрежи, ученичко катче и сл.).					
Опис на активноста	Одговорни институции	Временска рамка	Индикатори	Ресурси	Поддршка и следење
2.1 Реализација на активности за одбележување значајни датуми, екскурзии, хуманитарни акции, подготовка за натпревари, учество на манифестации и на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно или на меѓународно ниво	Училиштето Организатор на настанот	Во текот на цела година	Мотивирани наставници и ученици	Помагала со кои располага училиштето	Директор Стручна служба Наставници
2.2 Планирање, организирање и реализација на еколошки акции и уредување на училишниот простор	Училиштето Еко одбор	Во текот на цела година	Чиста животна средина	Човечки и материјални	Директор Стручна сл. Наставници
2.3 Ажурирање на училишната интернет страница	Училиштето	Во текот на цела година	Промовирање на училиштето пред пошироката јавност	Човечки и материјални	Директор Стручна сл. Наставници Ученици
2.4 Реализација на мали училишни проекти (пример, едукација од	Училиштето	Во текот на целата	Мотивирани наставници и	Помагала со кои располага	Директор Стручна

здравствена област)		година	ученици	училиштето	служба Наставници
Очекуван резултат 3: Училиштето активно е вклучено во животот на локалната заедница преку спроведување заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата. Училиштето промовира волонтерско вклучување на учениците во активностите на заедницата. Заедницата се вклучува во подобрување на условите за работа во училиштето. Училиштето промовира и прифаќа вклучување волонтери од заедницата во наставните и во воннаставните активности. Тоа промовира мултиетничка интеграција и инклузивност во поширокаата средина.					
Опис на активноста	Одговорни институции	Временска рамка	Индикатори	Ресурси	Поддршка и следење
3.1 Соработка со Црвениот крст на општина Чаир – вклучување на училиштето, односно интегрирање на учениците во реализацијата на Годишната програма за работа на Црвениот крст на општина Чаир (организирање крводарителска акција, хуманитарни акции). Средба на СИТ-от од училиштето со одговорните од Црвен Крст на општината Чаир со цел подготовка на Акционен план за учебна година	СИТ-от на училиштето Училиштето Црвен крст на општина Чаир	Акционен план – септември Во текот на цела година	Заинтересирани наставници, ученици, родители кои би се вклучиле во работата на општината	Материјални средства со кои располага училиштето и Црвениот Крст на општина Чаир	Училиштето Црвен крст на општина Чаир Град Скопје
3.2 Соработка со невладиниот сектор, волонтерско вклучување на учениците, родителите и наставниците во активностите.	СИТ-от на училиштето Невладини организации, општина Чаир. Град Скопје	Акционен план – септември Во текот на цела година	Заинтересирани наставници, ученици, родители кои би се вклучиле во работата на проектите	Материјални средства со кои располага училиштето, општината, НВО	Училиштето Општина Чаир НВО
3.3 Воспоставување соработка со училиште во кое се работи на еден наставен јазик и планирање проект	СИТ-от на училиштето Училиштето	Акциски план – септември	Заинтересирани ученици, родители, кои би придонеле	Средства со кои располага училиштето	Училиштето

во рамки на воннаставните активности		Во текот на цела година	за реализацијата на наставните и воннаставните активности		
3.4 Учество во проектот Зборувам на јазикот на мојот другар	Град Скопје СИТ-от на училиштето Училиштето	Во текот на цела учебна година	Вклученост на слушатели на курсот за изучување на јазикот на другиот	Наставници - предавачи	Директор Стручна служба

Завршна одредба

Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето.

Број _____

_____2023 година

С к о п ј е

С О В Е Т Н А Г Р А Д С К О П Ј Е

K Ë SH I LL I I QYTETIT TË SHKUPIT

ПРЕТСЕДАТЕЛ, KRYETAR

Проф.д-р Трајко Славески Prof.d-r Trajko Slaveski